УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Институт за безбедност, одбрана и мир
Постдипломски студии од областа на безбедноста

Магистерски труд

# Механизми за справување со насилниот екстремизам и тероризам во Западен Балкан

Ментор:
Проф. д-р Тања Милошевска

Изработил:
Младен Јаневски индекс: 5230/19

Скопје, 2023 година

# СОДРЖИНА


1. Вовед ..... 4
   1.1. Проблем на истражување. ..... 4
   1.2 Предмет на истражување. ..... 6
   1.3. Цели и задачи..... 9
   1.4. Дефинирање на основните поими. ..... 10
   1.5. Основна хипотетичка рамка ..... 13
   1.6. Научна и општествена оправданост на истражувањето. ..... 14
   1.7. Методи и техники на истражувањето..... 14
2. Дефинирање на Западен Балкан ..... 16
3. Механизми ..... 20
4. Концептуална рамка на насилен екстремизам, радикализација и тероризам 23
   4.1. Насилен екстремизам ..... 23
      4.1.1. Поттикнувачки фактори на насилниот екстремизам..... 24
   4.2. Форми и манифестирање на радикализација ..... 26
      4.2.1. Траектории и чекори на радикализација кои водат кон насилство..... 31
   4.3. (Не)дефинирање на тероризмот. ..... 33
      4.3.1. Специфични опасности од заканата на странски терористички борци. ..... 38
5. Западен Балкан во глобалната средина на онлајн екстремизам ..... 42
   5.1. Механизми за справување со онлајн екстремистички наративи ширум Западен Балкан..... 45
6. Стратегии и платформи на државите од Западен Балкан за справување со насилниот екстремизам и тероризам ..... 51
   6.1. Стратегиски, правен и институционален пристап на Србија за справувување со тероризмот..... 51
   6.2. Стратегијата за национална безбедност на Црна Гора ..... 53
   6.3. Стратегија на Босна и Херцеговина за превенција и борба против тероризмот (2021-2026) ..... 54

6.4. Платформа за борба против насилниот екстремизам и тероризам на Албанија ..... 56
6.5. Стратегијата за безбедност на Косово (2022-2027) ..... 57
6.6. Национална стратегија за спречување радикален екстремизам во Македонија (2023-2027) ..... 59
7. Справување со насилниот екстремизам и тероризам во Западен Балкан ..... 62
7.1. Радикални структури на Западен Балкан ..... 62
7.2. Пристапи во справување со насилниот екстремизам и тероризам во Западен Балкан. ..... 71
7.3. Превенција на насилен екстремизам и рана детекција на радикализација .. 81
8. Заклучок ..... 84
9. Користена литература ..... 94

# 1. Вовед

## 1.1. Проблем на истражување

Земјите од регионот на Западен Балкан сè повеќе го фокусираат своето внимание на начинот како да се операционализира еден сеопфатен пристап во насока на справување со предизвикот на спротивставување на насилниот екстремизам и неговата радикализација. Овој сеопфатен пристап ја нагласува потребата за една мултисекторска и мултидисциплинарна соработка, како и соработка на повеќе нивоа. Во последниов период, поточно во периодот на изминатите десет години сите земји од регионот на Западен Балкан се соочуваат со различни видови и степени на опасности поврзани со насилниот екстремизам, неговата радикализација, која потоа неминовно доведува до тероризам. Но како позитивен аспект може да се наведе нивната заложба да работат заедно, односно да развиваат механизми за спротивставување на насилниот екстремизам и неговата радикализација.

Државите од овој регион активно се соочуваат со предизвикот на ублажување на факторите коишто водат кон насилен екстремизам, како и кон откривање и спречување на напади во рамките на нивните национални граници, но и со управување на процесот на враќање на т.н. странски борци од конфликтните зони.

Екстремизмот претставува феномен кој по правило е насочен против востановените вредности на едно општество, при што во себе содржи препознатливи елементи на насилен криминал. Заканата од насилниот екстремизам е комплексна. Тој може да ги дестабилизира државите, ги подрива општествените норми и вредности, и повикува или директно предизвикува насилство. Поврзаноста на екстремизмот со тероризмот, како и неговиот диверзитет, кој варира од популаризирање екстремистички идеи до заговарање насилство за реализација на целите, овозможува овој феномен да ги надминува националните рамки и да добие меѓународна димензија.[1]

[1] Министерство за внатрешни работи, Република Македонија, достапно на: https://mvr.gov.mk/vest/4839

За одредена појава да се окарактеризира како тероризам, самиот чин на терор мора да има политичка цел. Тероризмот претставува спој на политика и насилство со тенденција да се добие моќ. Насилството е основен предуслов на тероризмот и на неговите актери кои мислат дека само преку насилство во општеството можат да ги постигнат нивните долгорочни политички цели.[2]

Развивањето на механизми за справување со насилниот екстремизам и тероризам претставува процес на реализирање на сложени напори со кој мора внимателно да се управува. Кога се добро испланирани, структурирано и кога се обезбедени добри ресурси, таквите напори можат да им помогнат на заедниците да станат побезбедни и притоа да го зајакнат „сеопфатниот државен" пристап кон спречување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Сепак, императив е да имаме соодветни политики и капацитети што ќе утврдат дека со таквите програми нема погрешно да се криминализираат поединци, нема да се поткопува слободата на изразување, нема да се кршат законите за приватност, нема да се стигматизираат одредени заедници, како и дека нема да се засилат негативните родови стереотипи.

Во последниве години, заканата од радикализација се прошири кон враќање на странските борци кои патуваат во воени зони за да се приклучат на Исламската држава. Овој феномен кој се враќа од почетокот на 2012 година може да се карактеризира како уште една фаза во еволуцијата на терористичката закана. Оваа закана ја зајакна идејата дека тероризмот бара и внатрешен и надворешен пристап фокусирајќи се на ситуацијата во Сирија, како и на зајакнување на столбот за спречување на радикализација и регрутирање.

Терористичките напади во Париз во јануари 2015 година, извршени од страна на поединци кои тврдеа дека се лојални на Ал Каеда и Исламската држава, ја зголемија постојаната загриженост за ранливоста на Европа кон тероризам. Од почетокот на Исламската држава, многу аналитичари и европски влади изразија загриженост за „странските борци", европски граѓани или жители со муслиманско потекло кои патуваат во Сирија или Ирак за да се приклучат на организацијата. Иако е тешко да се процени прецизниот број муслимани од Европа и другите

[2] Hoffman, Bruce (2006.) *Inside Terrorism*, New York: Columbia University Press.

западни земји кои се вклучени во конфликтите во Сирија и Ирак, неодамнешните процени од Европол, криминалистичката агенција на ЕУ, сугерираат дека може да има 3.000 до 5.000 лица. Конфликтот во Сирија, исто така, привлече борци од земји со големо муслиманско население на Балканот, како и од Русија.

Покрај другото, од неопходна важност е да се направи разлика помеѓу механизмите и политиките наменети за справување со насилниот екстремизам и неговата радикализација и контратероризмот.

Првите мерки, односно спротивставувањето на насилниот екстремизам по својата природа не се насилни мерки (на пример, не вклучува апсења и кривичен прогон), па поради тоа истите директно не таргетираат терористи или тероризам. Фокусот на механизмите за спротивставување со насилниот екстремизам се наменети кон спречување и спротивставување на процеси на радикализација; адресирање и намалување на незадоволствата и структурно општествени, економски и политички проблеми што би можеле да бидат погодна средина за развој на насилен екстремизам; давање помош на оние кои веќе се радикализирани кон тероризам со цел да се ослободат од таквата активност и да се реинтегрираат во општеството; и преземање на мерки и спроведување на политики со цел да се создаде отпорност кај заедницата кон насилниот екстремизам.

Контратероризмот, за разлика од првите мерки, подразбира преземање на сет на активности првенствено од органите задолжени за спроведување на законот, разузнавачките служби, полицијата, а понекогаш и армијата со цел да се спречат и растурат одредени терористички организации.

## 1.2. Предмет на истражување

Како што природата на тероризмот и насилниот екстремизам продолжува да еволуира, така останува и потребата да се развиваат влијателни, одржливи и одговорни програми што функционираат во насока на спречување и

спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.

По теоретското претставување и образложување на поимите „тероризам“ и „радикален екстремизам“, следи дел во кој опширно ќе се истакне проблемот на истражувањето. Ќе се навлезе во основата на радикалниот екстремизам и тероризам, причините за нивното појавување, видовите на екстремистички и терористички организации, лидерите и членовите, оружјата и алатките кои ги користат за извршување на нападите, нивните цели, териториите на дејствување, но секако и регрутирањето на нови потенцијални следбеници кои ќе треба да го поддржат и продолжат нивното дело.

Ќе се обработат и антитероризмот и контратероризмот како алатки на државите за справување со радикалните екстремистички и терористичките поединци, групи и организации кои дејствуваат на територијата на државата или од надвор работат против државата. Но, тие алатки не можат да функционираат во целост доколку службите на државите не соработуваат и со заеднички сили да се борат со истите. Затоа во истражувањето ќе биде претставена и соработката на државите во антитерористичкото и контратерористичкото дејствување.

За да се достигне целта на истражувањето, во магистерскиот труд ќе се анализираат стратегиските документи на државите од Западен Балкан, нивните национални безбедносни стратегии, особено делот за антитерористичко и контратерористичко дејствување, јавни документи и достапни информации поврзани со радикалниот екстремизам и тероризам, но и книги и останати извори кои ќе придонесат за квалитетно истражување:

- Национална стратегија на Република Македонија за борба против тероризам (2018-2022)
- ПЕРТ на МВР (Превенција од насилен екстремизам и радикален екстремизам што водат кон тероризам, преку полициско работење во заедницата)
- Документи и истражувања на ОБСЕ (Ќелии на спијачи, Појавување на ИСИС, Странски терористички борци и домашни борци, Терористички напади од страна на ИСИС во Европа)

Предмет на магистерскиот труд е клучниот дел на трудот кој ќе се надоврзе на проблемот кој државите од Западен Балкан го имаат со радикалниот екстремизам и тероризмот. Со предметот ќе се утврди и структурата на магистерскиот труд, содржината и обемот.

Неопходно е предметот да биде јасен и прецизен, а за да се достигне тоа ќе се навлезе длабоко во проблематиката, па така: во првата глава ќе се анализираат основните теоретски поими на радикалниот екстремизам и тероризам (радикализација, екстремизам, тероризам, групи, организации, ќелии, жртви итн.). Во втората глава ќе се анализираат стратегискиот пристап и справувањето на државите со радикално-екстремистичките групи и поединци, анализа на законските регулативи, меѓународните конференции, институциите и меѓународните соработки за борба против радикалниот екстремизам и тероризмот. Во третата глава ќе бидат претставени државите од Западен Балкан, нивното анализирање од аспект на државната и националната безбедност, а во четвртата начините на кои тие се справуваат со радикалниот екстремизам и тероризам во своите граници. Во петтата глава ќе се утврдат разликите во справувањето со радикалниот екстремизам и тероризмот на државите членки на НАТО од останатите држави, државите членкина Европската Унија во споредба со оние кои не се членки и споредба на државите од Западен Балкан со останатите европски држави.

Со оваа теза сакаме да го утврдиме начинот на справување на државите од Западен Балкан со радикалниот екстремизам и тероризмот, особено затоа што регионот е познат по терористички делувања, странски и домашни терористички борци, групи и организации кои влијаат врз безбедноста на регионот во целост. Исто така, сакаме и да ги утврдиме целите на државите во справувањето со радикалниот екстремизам и тероризмот како и досегашните активности, акции и резултати.

Споделувањето на информациите и знаењето не е предизвик само во однос на потенцијалната соработка во справување со насилниот екстремизам. Заедничкото разбирање на концептите, терминологијата, индикаторите за радикализација и категориите на ризик, исто така, може да ја олесни соработката.

## 1.3. Цели и задачи

Општата цел на ова истражување е преку научна дескрипција и анализа да се идентификуваат механизмите за справување со насилниот естремизам и тероризам во Западен Балкан.

**Посебни цели:**

- Истражувањето да обезбеди јасни насоки и одредени основни начела кои треба да претставуваат цврста основа на секоја интервенција што е дизајнирана за спречување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.
- Анализи и обуки кои ги користи ОБСЕ за радикалниот и насилниот екстремизам, радикализам и тероризам.
- Анализи на НАТО за справување со радикалниот екстремизам и тероризами заштита на државите членки на Алијансата.
- Анализи на Европската Унија за појавите на радикални екстремистички групи.
- Анализи на државите од Западен Балкан за справување со радикалниот екстремизам и тероризам.
- Активности на политичките структури и политичка борба со радикалниот екстремизам и тероризам.
- Анализа на политички субјекти кои дејствувале или дејствуваат како радикално-екстремистички групи кои во минатото извршувале терористички активности.
- Начини на справување со радикалниот екстремизам и тероризам- разликите во начините на справување на САД, земјите членки на ЕУ и трети држави, односно држави кои не се членки на Еврпоската Унија.
- Анализа на различностите во пристапот на државите од Западен Балкан- држави членки на НАТО, држави кои не се членки на НАТО и Косово како држава со политичко уредување, но под безбедносен протекторат на САД.

Со оглед на целите, основни **задачи** на истражувањето се следниве:

- Да се идентификуваат клучните фактори што се специфични за регионот и кои можат да влијаат врз напорите за развивање на механизми за справување со насилниот екстремизам и тероризам во Западен Балкан.
- Да се утврдат механизми наменети за спротивставување на насилниот екстремизам кои имаат за цел да ги оценуваат ризиците и факторите кои придонесуваат за одредени лица да пристапат кон одредена екстремистичка идеја, како и утврдување на соодветни мерки и дејства што треба да се преземат.
- Да се утврдат разликите во справување со радикалниот екстремизам и тероризам помеѓу државите членки на ЕУ и државите кои не се членки на ЕУ од Западен Балкан.
- Да се објасни кои стратегии ги користи Европската Унија во справувањето со радикалниот екстремизам и тероризам.
- Да се проучи и објасни пристапот на државите од Западен Балкан кон радикалните екстремистички и терористички групи.
- Да се дефинираат целите на државите во справување со радикалниот екстремизам и тероризам.
- Да се објасни справувањето на државите со странските и домашните терористички борци, како и повратниците од воените жаришта во светот.

## 1.4. Дефинирање на основните поими

- **Тероризам**

Според Волтер Леквер, тероризмот е однапред смислено, намерно, систематско убивање, заканување и заплашување, со цел да се предизвика страв кај невините луѓе за да се оствари политиката или тактичката предност и, вообичаено, да се влијае врз јавноста.[3]

[3] Laqueur, Walter. (1999). *The New Terrorism: Fanaticism and the Arms of Mass Destruction*. New York: Oxford University Press.

Еден од најпознатите современи теоретичари на тероризмот - Пол Вилкинсон, застапува поинакви сфаќања за теророт и тероризмот и аналогно на тоа презентира различна класификација. Според него, теророт претставува користење на заструшување со цел да се оствари принуда од страна на револуционерните движења, режими или поединци со политички мотиви, а тероризмот го смета за систематско спроведување на организиран терор, било од страна на државата, движење или фракција или од страна на мала група поединци.[4]

Брајан Бургон[5] смета дека тероризмот е политички мотивирано насилство против неборбени сили, додека Чарлс Тили го проучува тероризмот како политичка стратегија која ја имплементираат оние кои се обидуваат да ја централизираат својата моќ или оние, кои по пат на страв се обидуваат да ја предизвикаат државата со цел да се здобијат со моќ или предност.[6]

- **Екстремизам**

**Насилниот екстремизам** претставува насилен вид на мобилизација што има за цел да го подигне статусот на една група, додека исклучува или доминира над „други“ врз основа на обележја, како што се полот, религијата, културата и етничката припадност. Притоа, насилните екстремистички организации ги уништуваат постојните политички и културни институции и ги заменуваат со алтернативни структури на управување кои работат според принципите на тоталитарна и нетолерантна идеологија.[7]

- **Странски терористички борци**

Термин кој обично се користи за осврнување кон лица, кои патувале од нивните сопствени држави во други држави со цел да учествуваат или да поддржат акти на тероризам, вклучително и во контекст на вооружен конфликт, особено во

---

[4] Wilkinson, Paul. (2001). *Terrorism Versus Democracy: The Liberal State Response*. London: Frank Cass.
[5] Burgoon, Brian (2006.) "On Welfare and Terror: Social Welfare Policies and Political-Economic Roots of Terrorism", *Journal of Conflict Resolution*, 50 (2):176-203.
[6] Tilly, Charles (2005.) "Terror as Strategy and Relational Process", *International Journal of Comparative Sociology*, 46 (1-2):11-32.
[7] Mathias Bak, Kristoffer Nilaus Tarp, Christina Schori Liang (2019). *Defining the Concept of 'Violent Extremism'*, Geneva Paper 24/19, Geneva Centre for Security Policy.

поглед на Ирак и Сирија, како што е наведено во Резолуцијата бр. 2178 на Советот за безбедност на Обединетите нации (2014 година).

- **Механизми**

Претставуваат формални или неформални механизми што вклучуваат практичари и стручни лица од различни дисциплини и/или агенции и организации, а кои имаат за цел да идентификуваат, да оценуваат, да помогнат и да третираат ранливи лица кои покажуваат знаци дека се подложни на ризик од вклучување во насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам или, пак, се на пат кон истиот.

- **Контратероризам**

Збир на политики, закони и стратегии креирани од страна на државни актери и спроведувани првенствено од страна на органите задолжени за спроведување на законот, разузнавачките агенции, а понекогаш и војската, со цел убивање или заробување на терористи, спречување на терористички заговори и растурање на терористички организации.

- **Справување со насилен екстремизам**

Проактивни и неприсилени активности за спротивставување на напорите на насилните екстремисти да радикализираат, да регрутираат и да мобилизираат следбеници за да ги вклучат во насилни акти, како и активности за справување со специфични фактори кои олеснуваат и овозможуваат регрутирање и радикализирање на насилни екстремисти кон насилство.

## 1.5. Основна хипотетичка рамка

Врз основа на општиот пристап на проблемот за справување со насилниот екстремизам и тероризам и врз основа на веќе поставените цели во ова истражување, ќе ја поставам следнава општа хипотеза: Со проучување на патеките на радикализацијата, трендовите и ризиците, како и размената на информации поврзани со (радикализација на враќањето на) странски терористички борци, насилни екстремисти во национални рамки, како и екстремистички групи и влијанија ќе се идентификуваат механизми за справување со насилниот екстремизам и тероризам во Западен Балкан.

**Посебни хипотези:**

- Соработката со меѓународната заедница и меѓународните организации ќе резултира во справување со радикално-екстремистичките и терористичките групи.
- Различностите во пристапот и справувањето на државите од Западен Балкан споредено со останатите држави од Европската Унија и САД ќе имаат влијание врз воспоставување на механизми за справување со насилниот екстремизам и тероризам во Западен Балкан.
- Дефинирањето на политичкиот пристап кон решавање на проблемите со радикалниот есктремизам и тероризам, политичките активисти и државници со минато како членови на радикални екстремистички и терористички групи и организации ќе има импликации во справувањето со овие феномени.
- Дефинирањето, анализирањето и лоцирањето на активни и пасивни ќелии, организации и групи склони кон радикален екстремизам кој може да премине во тероризам ќе резултира со зголемен степен на безбедност.

**Варијабли**

*Предикторска варијабла (независна варијабла)*
-Национална стратегија за безбедност, контратерористички пристапи, прирачници на МВР и МО за справување со радикалниот есктремизам и тероризмот, избрани модели и користени инструменти во справување со тероризмот.

*Критериумска варијабла (зависна варијабла)*
-Постигнати резултати во справување со насилен екстремизам и тероризам во земјите од Западен Балкан.

## 1.6. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Научната оправданост на ова истражување се согледува во придонесот на верификување на научно недоволно познати и проучени специфични факти и во давањето насока за подобрување на меѓународната и регионалната соработкапреку изнаоѓање на механизми за превенирање и справување со формите на манифестација на насилниот екстремизам и тероризам во Западен Балкан.

Општествената оправданост се состои во тоа што истражувањето би помогнало да се согледаат можностите на заедничко дејствување на земјите од Западен Балкан во насока на намалување на последиците од насилниот екстремизам и тероризам.

## 1.7. Методи и техники на истражувањето

Во контекст на современите научно-методолошки пристапи на истражување со комбинирање на повеќе истражувачки методи, во истражувањето ќе настојувам со примена на неколку методолошки постапки на собирање, анализа и интерпретација на податоците да се добие една систематизирана целина.

Компаративниот метод на анализа се користи со цел да се изврши делумна квалитативна и квантитативна селекција и анализа на прибраните податоци и врз

основа на тоа да се воопштат релевантните факти за потврдување или негирање на поставените тези. Овој метод се користи за споредување на сите податоци добиени со претходно користење на статистички методи и анализа на содржината, кои се однесуваат на бројните показатели за состојбата со насилниот екстремизам и тероризам во земјите од Западен Балкан. Покрај квалитативната анализа на релевантни теориски извори, како основна методолошка постапка, односно техника за собирање на податоци, ќе се користи анализа на содржина на публикации, извештаи, конференциски материјали, статистички показатели, извештаи и анализи на невладини организации, агенции за испитување на јавното мислење, тинк-тенкови и државни институции итн., а како методолошки постапки за анализа и интерпретација на податоците ќе се применат аналитичко-синтетички метод и компаративен метод на анализа. Преку анализа и интерпретација на податоците во ова истражување, се очекува да се добијат квантитативни и квалитативни податоци, со кои преку соодветна обработка ќе се добие верификација на хипотезите и ќе се оствари целта на истражувањето.

## 2. Дефинирање на Западен Балкан

Пред да започнеме со анализа на состојбите и механизмите за справување со насилниот екстремизам и тероризам во Западен Балкан, неопходно е прецизно да дефинираме што е Западен Балкан. Важно е да знаеме кои држави го сочинуваат, кои се надворешните, а кои внатрешните граници, кои се внатрешните и надворешнитенепријатели, кои се предизвиците, културолошкиот, економскиот и технолошкиот развој на државите.

Западен Балкан е регион на Балканскиот Полуостров кој го сочинуваат државите Македонија, Албанија, Србија, Косово, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Тие се држави со испреплетено минато, држави кои споделуваат многу заедничка историја, војувале помеѓу себе, но и соработувале и се развивале. По завршувањето на трите војни по распадот на Југославија во овој дел од Европа, државите почнуваат заеднички да се развиваат, напредуваат, но и да соработуваат на полето на безбедноста со цел да си ги заштитат своите територии и граѓани од внатрешни и надворешни непријатели. Имајќи предвид дека Балканот е „буре барут“, оваа тема е навистина чувствителна и мора да се обработува со посебно внимание.



*Слика 1: Земјите од Западен Балкан претставени на мапа*

Трите војни кои се случиле на овие простори се:

- 1992-1995 војната по распадот на Југославија настанува поради

внатрешни поделбии недоразбирања, особено околу финансиското и воеността наследството кое го остава поранешната федерација. Република Србија (тогаш СР Југославија) под режимот на Слободан Милошевиќ, БиХ и Хрватска започнуваат братоубиствена војна која трае во текот на следните четири години. На територијата на Словенија се војува само десетина дена, додека пак, Македонија никогаш не била дел од таа војна, иако првата жртва на таа војна е војникот на ЈНА, Сашко Гешовски (19) од Кавадарци, кој во тоа време бил на отслужување на воен рок во ЈНА во касарната во Сплит, Хрватска.

Оваа војна уште се нарекува и Босанска граѓанска војна поради кревањето на вооружан бунт на Србите и Хрватите кои живеат во БиХ. Најголема штета и цивилни жртви претрпува бошњачкото население во БиХ, а војната завршува со потпишување на Дејтонскиот мировен договор во Париз на 14.12.1995, каде како потписници се јавуваат Слободан Милошевиќ, Алија Изетбеговиќ, Фрањо Туѓман, Бил Клинтон, Жак Ширак, Џон Маџор, Хелмут Кол и Виктор Черномидрин.

- 1998-1999 во Косово се случуваат немири, кои на моменти прераснуваат и во вооружени пресметки помеѓу полицијата и војската на СР Југославија и герилската група наречена Ослободителна војска на Косово (ОВК). До овие немири доаѓа поради влошување на економската состојба на етничките Албанци кои живеат на Косово и диктаторскиот однос кој го имала тогашната СР Југославија кон нив. Овие политики дополнително се влошуваат со преземањето на власта од страна на Слободан Милошевиќ, под чие водство полицијата и војската редовно вршат терор кон тамошното население. Како оправдување тогашната власт на СР Југославија го користи малтретирањето на српското население кое живее на Косово од страна на албанските радикални групи. Во 1999 година, САД поднесуваат барање до Советот на Обединетите нации за воена интервенција против СР Југославија, но истата е одбиена поради спротивставени ставови од Русија и Кина. Поради тоа, НАТО членки предводени од САД, без каква било оправданост и одобрение од ООН, организираат 78-дневно бомбардирање на СР Југославија каде животот го губат околу 1500 воени и цивилни лица. Бомбардирањето на СР

Југославија дополнително ѝ прави штета од околу 300 милијарди долари. На 9. јуни во Куманово, СРЈ и НАТО го потпишуваат Кумановскиот договор со кој се става крај на воените дејствија, а Слободан Милошевиќ ја губи власта во СРЈ. Неколку години подоцна, Милошевиќ ќе биде екстрадиран во Хаг, каде му се суди за воени злосторства.

- 2001 година во Македонија започнува воен конфликт. Некои експерти од областа на безбедноста сметаат дека конфликтот во Македонија е започнат многу порано, во 2000 година, кога на влезот во Арачиново се убиени тројца полициски службеници кои вршеле рутинска сообраќајна контрола. При обид да застанат возило и да го легитимираат возачот, кон нив е пукано со автоматско оружје и тројцата полициски службеници ги губат своите животи. Во Македонија во тој период се збори за одредени радикални структури кои се преминати од Косово на македонска територија и имаат за цел да извршуваат напади на територија на Македонија со цел отцепување на западниот дел на државата. Овие екстремистички групи, под амблемот на терористичката организација УЧК, почнуваат со создавање на кампови за обуки на терористи првично во атарот на село Слупчане, Липковско, а понатаму истите се шират и кон Тетово, Гостивар, Куманово и Дебар. Терористите вршат неколку напади на македонските безбедносни сили во текот на 2001 година. Војната официјално започнува со нападот на тетовското кале, од каде терористите сакаат да се спуштат кон Тетово и да го за земат градот. Македонските безбедносни сили неколку денови водат жестоки битки за одбрана на градот и за сузбивање на терористичката група. Воените дејствија понатаму се развиваат и во други краеви на Македонија-почнуваат воени операции во Куманово, Липково, Слупчане, Арачиново, Бојане, Матејче, Раштак... За време на воените дејствија во Македонија се напаѓани воени и цивилни објекти, а Македонија губи околу 100 македонски синови кои животот го положуваат за државата. Не се знае колкава е точната бројка во човечки животи кои ги претрпува терористичката УЧК. Војната во Македонија трае до потпишување на Охридскиот рамковен договор на 13. август 2001 година, иако и по

потпишување на договорот терористичките напади на УЧК не престануваат. Дел од терористичката УЧК се трансформира во политичка партија која ги претставува Албанците во Македонија (ДУИ), а со помош на странскиот фактор во државата, стануваат еден од главните политичкичинители сè до денес.

Западен Балкан е територија која има површина од 207.833 км². Се граничи со Грција, Бугарија, Романија, Унгарија и Хрватска. Албанија, Црна Гора и Босна и Херцеговина имаат излез на Јонското и Јадранското Море. Местоположбата на секоја од овие држави ги прави тие да бидат посебни, со сопствени карактеристики кои во внатрешните погранични региони се преливаат помеѓу себе како резултат на миграцијата која секогаш постоела на овие простори.

Внатрешното уредување на овие држави е парламентарна демократија, освен во Босна и Херцеговина која е федерација, има тројно претседателство и е внатрешно поделена на кантони со посебно уредување. Најголем проблем во поделбата на власта и функционирањето на системот на државата создава самопрогласената Република Српска, територија во која живеат мнозинство Срби кои работат и целат кон осамостојување на таа територија. Конкретно, оваа радикализација на Србите во Босна и Херцеговина ќе биде обработена во наредните точки на тезата. Втор специфичен пример е Косово и Метохија, држава која не е признаена од Србија и Босна и Херцеговина, отцепена од Република Србија во 2008 година со прогласување на независност во косовскиот парламент. Косово и денес има посебен статус, односно е воено-политички протекторат на САД. Србија и денес тврди дека тоа е нејзина територија, бесправно одземена и без почитување на Резолуцијата 1244 на Обединетите нации. Исто така, и овој пример ќе биде обработен во тезата, затоа што Косово е причината за една од трите војни кои се воделе на оваа територија. Овие два најкритични примери се доволно јасен показател за безбедносната состојба во регионот.

## 3. Механизми

Механизмите се претставуваат како формални или неформални механизми што вклучуваат практичари и стручни лица од различни дисциплини и/или агенции и организации, а кои имаат за цел да идентификуваат, да оценуваат, да помогнат и да таргетираат раниливи лица кои покажуваат знаци дека се подложни на ризик од вклучување во насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам или, пак, се на пат кон истиот.

Во книгата на ОБСЕ „Разбирање на механизмите за упатување во процесот на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам" е детално опишано значењето на механизмите, како и нивното поставување за успешно справување со радикалниот екстремизам и тероризмот.

Според ОБСЕ, насилниот екстремизам и теторизам во основа претставуваат отфрлање на демократските вредности како што се толеранцијата, почитувањето, инклузијата и диверзитетот, и вредности кои истовремено претставуваат основа за работата на ОБСЕ. Во период кога 57 земји учеснички во ОБСЕ се соочуваат со различни видови и степени на опасности поврзани со транснационалниот тероризам, сите тие ја имаат потврдено нивната заложба да работат заедно во насока на спречување и спротиставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.

ОБСЕ е свесен за потребата да се посвети поголемо внимание кога се користат одредени термини на полето на контратероризмот. ОБСЕ ја објаснува „радикализацијата која води кон тероризам" како „динамичен процес во кој едно лице го прифаќа терористичкото насилство како возможно, па дури и како легитимен курс на дејствување. Иако не мора да значи, ова можеби на крајот ќе го наведе лицето да се заземе за терористички активности, да дејствува во нивна поддршка или да се вклучи во нивно извршување. Во правец на ваквото размислување, ОБСЕ го користи поимот „насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам (НЕРВТ)", со што се имплицира дека одредени случаи на

насилен екстремизам и радикализација не мора да значи дека ќе резултираат со теророизам.

Што претставува еден механизам за упатување од областа на спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам (С/СНЕРВТ)?

Еден механизам за упатување од областа на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, вообичаено, претставува мултиагенциска и/или мултидисциплинарна програма, платформа или иницијатива што:

1. Вклучува претставници од мноштво општински или други владини агенции, организации што се фокусираат на работи значајни за заедницата и организации на граѓанското општество што се занимаваат со работи во рамките на различни дисциплини како што се образованието, спортот, а ако е соодветно, и полицијата и корективните казни.
2. Прима информации упатени од страна на членови на заедницата или државни ентитети за поединци што се идентификувани како најранливи и склони да се вклучат во екстремистичко насилство, но сè уште ја немаат поминато линијата на кривичното дело и тоа во најраните фази на екстремизам и радикализација.
3. Ги оценува ризиците и заштитните фактори, како и слабостите на лицето кое е упатено кон една таква програма, а во насока на утврдување на соодветни дејства што треба да се преземат.
4. Дизајнира, доставува, набљудува и оценува индивидуално подготвени интервенции или планови за поддршка со кои се адресираат факторите на ризик и слабостите кај лицата што се смеетат дека се најподложни на ризик или најранливи и склони кон насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам, а во насока да им се помогне да тргнат по различен ненасилен пат.[8]

---

[8] Организација за безбедност и соработка во Европа (2019) Виена, Разбирање на механизмите заупатување во процесот на спречување и спротиставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам-Совладување на предизвиците и заштита на човековите права, Водич за Југоисточна Европа.

Од ова може да заклучиме дека државите за да можат успешно да се справуваат со радикалниот екстремизам и тероризам кој се појавува во и вон нивните граници, создале свои заштитнички и одбранбени механизми. Механизмите се, всушност, протоколи, начини, правила и закони за откривање, спречување, превенирање и борење против радикалниот екстремизам и тероризам.

Од ова можеме да заклучиме дека механизмите на државите за справување со радикализмот и тероризмот се дел од одбранбениот механизам на државата.

Одбранбениот систем како дел од безбедносниот систем во современи услови има посебна одговорност кога е во прашање обликувањето и имплементацијата на одбранбената политика. Тој во интеракција со други државни системи треба да обезбеди заштита на националните интереси и вредности, а во согласност со дефинираните мисии и задачи, треба да одговори на сите ризици и закани што се насочени кон основните вредности на едно општество. Понатаму, тој во рамките на уставните и законските решенија е одговорен за одбранбената функција. Се работи првенствено за заштита на надворешната безбедност на државата, додека полицискиот систем и другите заштитни механизми се задолжени за внатрешната безбедност.[9]

Ваквите механизми и одбранбени стратегии се потребни на државите за да можат самостојно или со помош на нивните сојузниците, да го бранат својот уставен поредок, суверенитетот, независноста и територијалниот интегритет, без притоа да го загрозат животот и/или имотот на граѓаните.

---

[9] Бакрески О. И Милошевиќ М., (2010). *Современи безбедносни системи*, Аутопринт Т.А., Скопје,стр. 35

# 4. Концептуална рамка на насилен екстремизам, радикализација и тероризам

## 4.1. Насилен екстремизам

**Насилниот екстремизам** претставува насилен вид на мобилизација што има за цел да го подигне статусот на една група, додека исклучува или доминира над „други“ врз основа на обележја, како што се полот, религијата, културата и етничката припадност. Притоа, насилните екстремистички организации ги уништуваат постојните политички и културни институции и ги заменуваат со алтернативни структури на управување кои работат според принципите на тоталитарна и нетолерантна идеологија.[10]

За насилниот екстремизам Холмер и Бауман пишуваат дека „групите на насилен екстремизам често ги приврзуваат нивните агенди кон динамиката на постоечки конфликт и бараат прибежиште и можност во средини кои се лошо управувани и склони кон конфликти. Разбирањето на главните причини и динамиката што им овозможува на таквите групи да се развиваат, бара објектив на анализа на конфликти и релевантни алатки за анализа на конфликти. Алатките од макрониво кои ги испитуваат насилните екстремистички организации, без да ги земат предвид нивните односи со друга конфликтна динамика, ризикуваат да поддржат тесно замислени интервенции за справување/превенирање на насилен екстремизам кои немаат влијание и одржливост.“[11]

Многумина го разликуваат политичкиот од верскиот екстремизам. Иако екстремистите не се неопходно вклучени во насилство, фразата насилен екстремизам се користи во контексти кога екстремистичките гледишта се придружени со оправдување и употреба на екстремно насилство (како злосторства) против оние кои не го делат истото убедување или идеологија. Насилниот

[10] Mathias Bak, Kristoffer Nilaus Tarp, Christina Schori Liang (2019). Defining the Concept of ‘ViolentExtremism’, Geneva Paper 24/19, Geneva Centre for Security Policy.

[11] Holmer, G., Baumann P. (2018). Taking Stock. Analytic Tools for Understanding and Designing C/PVEPrograms. Washington, DC: United States Institute of Peace.

екстремизам може да се изрази од поединци или групи, преку говори или медиумски известувања, преку извршување на изолирани дејства на насилство во име на екстремистички идеологии или физичко приклучување кон насилни групи. Додека насилниот екстремизам може да се поврзе со која било политичка или верска идеологија, поимот обично се изедначува со верско-инспирирано, и особено со насилство кое е со недржавна исламистичка основа. На некој начин, оваа теза посебно се фокусира на шаблоните преку кои одредени поединци се радикализираат преку прифаќање на исламските идеологии инспирирани од салафисти/вахабисти и се приклучуваат на џихадските организации како странски борци во Ирак и Сирија. Меѓутоа, низ целиот процес на истражување експлицитно ги препознавме, и се обидовме да ги откриеме, заедничките интеракции меѓу исламистичкиот насилен екстремизам и другите форми на политички (на пр. екстремно десничарски, националистички) екстремизам, кои придонесуваат кон нивната заемна радикализација.[12]

Превенцијата од насилниот екстремизам е долгорочен процес кој вклучува различни актери на различно ниво, почнувајќи од заедницата до меѓународните партнери и креатори на политики. Бидејќи оваа активност бара пристап од повеќе засегнати страни, важно е да се разберат различните стратегии и пристапи кои се развиени за одредени области - регионални, национални итн.[13]

### 4.1.1. Поттикнувачки фактори на насилниот екстремизам

Најпопуларниот приод, досега, за проучување на појавата на насилниот екстремизам е да се групираат основните причини и поттикнувачки фактори во две главни категории:

1) притискачки фактори или структурни услови (пр. сиромаштија, незадоволства, недостаток на пристап до политичките процеси или правдата, долготраен конфликт); и

[12] Aroua, A. (2018). Addressing Extremism and Violence. The Importance of Terminology. Geneva: TheCordoba Foundation of Geneva. Available at: https://www.cordoue.ch/images/pdf/Papers/CFG_ConflictTransformationPerspective.pdf

[13] Милошевска Т., (2023). Концептуална рамка за радикализам и насилен екстремизам,Годишен зборник, Филозофски факултет, Скопје.

2) привлекувачки фактори или директни двигатели како што се идеолошки повик или финансиски и социјални придобивки од приклучувањето кон насилна група.

На микрониво, сегашната агенда на истражување на насилниот екстремизам има тенденции да се фокусира на индивидуалните особини на радикализираните млади, на пример, преку истражување на улогата на когнитивните склоности во формирањето на маладаптивни, високоризични начини на размислување[14]. Објаснувањата на макрониво за структурните причини на насилниот екстремизам се во изобилие. Најчесто цитираните основни причини на насилниот екстремизам опфаќаат политичко угнетување, општествено исклучување, државна репресија, релативна депривација, сиромаштија и глобализација.[15] Овие структурални објаснења означија поместување од препишување на насилниот екстремизам само или првенствено на верските убедувања. Научниците, исто така, ја истакнуваат улогата на формирањето на идентитетот како движечка сила за процесите на радикализација[16], и идентификуваат други двигатели како што се родови улоги и чест.[17] Исто така, истражувана е улогата на образованието, каде што дисфункционалните образовни системи не им овозможуваат на поединците критички да се ангажираат со предочената информација – посебно меѓу малцинските популации. Недостатокот на соодветно верско образование може понатаму да ги поттикне поединците да бараат поедноставена „вистина“ – да се исполнуваат со верски индоктринации за исламот (или други системи на верување) – која му овозможува простор на екстремистичкиот наратив да дејствува.

---

14 Allan, H at all. (2015). Drivers of Violent Extremism: Hypotheses and Literature Review. London: Royal United Services Institute.

15 Desta, T. A. (2016). Preventing violent extremism: A new paradigm or evolving approach? Bern:Swisspeace, достапно на: http://www.swisspeace.ch/apropos /preventing-violent-extremism-new-paradigm-evolving-approach/.

16 Schmitt, S. (2017). Lessons Learned from Countering Violent Extremism Development Interventions, Small Wars Journal, достапно на:http://smallwarsjournal.com/jrnl/art/lessons-learned-from-counter-ing-violent-extremism-development-interventions.

17 Atran, S. (2006). The Moral Logic and Growth of Suicide Terrorism, The Washington Quarterly, 29(2).

## 4.2. Форми и манифестирање на радикализација

Радикализацијата која води кон насилство не е нова појава. Таа може да има различни форми во зависност од контекстот и временскиот период и може да биде поврзана со различни причини или идеологии. Во минатиот век, многу земји страдаа од насилство од различни форми, вклучувајќи, меѓу другото, урбано насилство, појава на насилна супкултура, десно и левичарско екстремистичко насилство, националистичко и религиозно мотивирано насилство. Следниве описи се засноваат на Извештајот на Центарот за спречување на радикализација која води до насилство.[18]

*Десничарското екстремистичко насилство* е форма на насилна радикализација поврзана со фашизмот, расизмот, врховизмот и ултранационализмот. Оваа форма на радикализација што води до насилство се карактеризира со насилна одбрана на расен, етнички или псевдонационален идентитет, а исто така, е поврзана со радикално непријателство кон државните власти, малцинствата, имигрантите и/или левичарските политички групи.

*Левичарското екстремистичко насилство* е форма на радикализација што води кон насилство што се фокусира првенствено на антикапиталистичките барања и повикува на трансформација на политичките системи кои се сметаат за одговорни за производство на социјални нееднаквости, и кои на крајот може да користат насилни средства за да ја унапредат својата кауза. Оваа категорија вклучува анархистички, маоистички, троцкистички и марксистичко-ленинистички групи кои користат насилство за да се залагаат за својата кауза.

*Политичко-религиското екстремистичко насилство* е форма на радикализација што доведува до насилство поврзано со политичко толкување на религијата и одбрана, со насилни средства, на верски идентитет за кој се смета дека е нападнат (преку меѓународни конфликти, надворешна политика, социјални дебати итн.).

---

[18] Centre for the Prevention of Radicalization Leading to Violence (2018). Types of Radicalization, достапно на: https://info-radical.org/en/radicalization/types-of-radicalization

*Екстремистичкото насилство на едно прашање* во суштина е форма на насилна радикализација мотивирана од единствено и специфично прашање. Оваа категорија ги вклучува следните групи доколку користат насилство: радикални групи за заштита на животната средина или правата на животните, движења против глобализацијата, екстремисти против абортусот, насилство поврзано со спорт, одредени антитранс и антифеминистички движења и ултраиндивидуалистички или независни екстремистички движења кои користат насилство за да ги промовираат своите каузи. Убијците чии мотиви се делумно или целосно идеолошки може, исто така, да спаѓаат во оваа категорија.

Опсегот на насилни дејства и манифестации кои произлегуваат од радикализацијата што доведува до насилство може да варира од вербално насилство до терористички напади, вклучувајќи пожари и оштетување на јавни добра, насилни собири, физичка агресија, активности од типот на мафија и убиства. Некои форми на насилство (на пр. вербално насилство) може да бидат почетна фаза и да поттикнат други потешки и опасни форми (на пр. физичко насилство или убиства).[19]

Кога станува збор за поимот **радикализација**, треба да се напомене дека не постои една општо прифатена дефиницја. Сепак, една однајраспространетите е онаа на Европската комисија според која радикализацијата е процес во кој индивидуално или во група се прифаќа радикална идеологија која одобрува или примененува сила, вклучувајќи и тероризам, за да се постигнат одредени идеолошки или политички цели.[20]

Радикализацијата се дефинира и како идеолошка и/или бихејвиорална промена во пораст која води кон залагање за поекстремни и потенцијално насилни светлогледи и дејства.[21]

Поимот „радикализација“ се однесува на процесот во кој едно лице сè повеќе се залага и поддржува екстремистички идеи. Радикализацијата, вообичаено, не

[19] Glaser, M. (2017). “Extremist, militant, radicalised?” in Glaser et al. (Eds.) Young and Radical. Political Violence During Adolescence, Deutsches Jugendinstitut: Munchen.

[20] Елена Миленкоска-Михаиловска, (март/април 2021), Состојбата со радикализацијата на младитево Македонија, насилниот екстремизам и тероризам.

[21] Фондација Бергхоф. (2019). Перспективи на Заедниците за Насилниот Екстремизам- зајакнувањена локалните фактори на социјална отпорност

резултира само од едно влијание, туку резултира од сложена мешавина на фактори и динамики. Се работи за концепт што е различно толкуван. Во некои случаи, терминот се користи на начин на кој се сугерира имплицитна врска помеѓу радикални идеи и насилство. Ова е проблематично не само од причина што не сите што имаат радикални (или екстремистички) идеи нема да се впуштат или поддржат насилно дејство, туку и поради фактот што тие имаат право да имаат сопствени идеи – без оглед на нивната природа, а тоа е заштитено во меѓународното право како основно човеково право.[22]

Радикализацијата најчесто се појавува кај младите, кои имаат потреба да припаѓаат во одредена средина, но во исто време, имаат потреба и некому да ги докажат своите способности. Во радикалните групи имаат заедничка цел и идеологија со останатите млади луѓе, а тоа придонесува да се поврзат помеѓу себе.

Радикализацијата најдобро се гледа како процес на промена, лична и политичка трансформација од една состојба во друга. Да се стане радикализиран е постепен процес кој бара прогресија низ различни состојби и не се случува ниту брзо ниту лесно. Така, едно лице не станува радикално преку ноќ иако влијанието на „катализаторниот настан“ може да го забрза процесот. Настанот на катализаторот е опишан како „когнитивно отворање“ што го прави лицето поприемливо за можноста за нови идеи и погледи на светот.[23] Овој шокантен настан или лична криза ја разнишува сигурноста на поединецот во претходно одржаните верувања, го поттикнува да го преоцени целиот свој живот и да стане отворен за радикална промена на вредностите и однесувањето. Во случајот на терористичките организации ИРА или ЕТА, новите регрути го оправдуваа приклучувањето кон етнонационалистичките терористички групи повикувајќи се на убивање (или мачење) на пријатели и роднини од страна на државата, и затоа може да се претпостави дека тероризмот бил чин на одмазда. Во поново време,

---

[22] OSCE. (2019). Understanding Referral Mechanisms in Preventing and Countering Violent Extremism and Radicalization That Lead to Terrorism Navigating Challenges and Protecting Human Rights. A Guidebook for South-Eastern Europe, Transnational Threats Department: Vienna, Austria. Достапно на:https://www.osce.org/resources/publications.

[23] Wiktorowicz, Q. (2005). Radical Islam Rising: Muslim Extremism in the West. London: Rowman & Littlefield.

постојат докази дека криминалците кои се приклучиле на џихадистичките организации како ИСИС и Ал Каеда сфатиле дека нивното криминално однесување било штетно и дека треба да прекинат со своето минато и да ги надоместат своите „гревови“. Оваа „точка од која нема враќање“ го обезбеди образложението за нивното вртење кон религијата и ја оправда вмешаноста со салафистите следбеници на ултраконзервативната сунитска гранка на исламот.

Настанот - катализатор може да има повеќе форми:

- економски (губење работа, блокирана општествена мобилност),
- општествени (отуѓување, дискриминација, расизам),
- политички (меѓународни конфликти) и
- лична (смрт на близок).

Дополнително, постои долга листа на предизвикувачи (вистински или согледани) кои можат да го иницираат прогресивното движење кон насилен екстремизам.[24]




*Слика 2: Радикализацијата како процес*

Одредени верски лидери, пак, кои со изучувањето на религијата се оддалечуваат од религиските вредности и изворното значење на религијата, стануваат носители на верскиот радикализам. Нивното интерпретирање на

[24] Тања Милошевска (2022), Концептуална рамка за радикализам и насилен екстремизам, Годишензборник, Филозофски факултет, Скопје.

религијата може да има влијание врз верниците и приврзаниците, а оттука да почне и непочитување на другите религии, убивање, насилство, употреба на сила итн.

Во анализа на моделот на полицискиот оддел во Њујорк, во кој биле истражувани 11 случаи, утврдени се 4 фази на радикализацијата:

- **Пред радикализација**- тоа е периодот од животот на индивидуата кога таа сѐ уште не е радикализирана, но под влијание на повеќе различни фактори започнува постепена радикализација. Тие фактори може да бидат чувство на неправда, дискриминација, повреда на близок, трауми, желба за одмазда, како и непосветување доволно внимание од страна на државата за овиепојави, затајување на образовните институции и социјални установи за раниооткривање на знаците на радикализацијата, со што лесно се преминува во втора фаза;
- **Самоиндентификација**- Во оваа фаза лицето сѐ повеќе ги напушта претходните ставови и убедувања, почнува поинаку да се однесува, го менува изгледот и стилот на облекување, полека ги напушта дотогашните пријатели, запознава нови со кои се повеќе се поистоветува и се здружува имајќи иста идеологија. Во оваа фаза започнува градењето на нов идентитет, користејќи ја религијата како поткрепа дека лицето ги застапува интересите на исламот. Започнува со истражување и учење на радикалниот ислам, посетува џамии каде се преповеда истиот;
- **Индоктринација**- Во оваа фаза лицето веќе е целосно убедено во радикалниот ислам и оправданоста на насилството и убиствата во име на религијата. Во оваа фаза веќе се посетуваат кампови за обука за вршење на терористички дејствија;
- **Џихадизам-** Оваа е последната фаза според ова истражување на полицијата од Њујорк, каде лицето веќе себеси се смета за „свет војник“ прифаќајќи ја својата „света должност“ за планирање, подготовка и извршување на терористички акти.[25]

[25] Radicalization in the West: the Homegrown threat- NYPD

### 4.2.1. Траектории и чекори на радикализација кои водат кон насилство

Иако постојат различни индивидуални траектории и патеки кон радикализација што водат до насилство, можно е да се идентификуваат шест чекори низ кои можат да поминат младите додека се подложени на процесот на насилна радикализација. Патеките на секој човек може да бидат сосема различни, а премините од една до друга можеби не се толку јасни, но овие шест чекори помагаат да се разберат некои од личните патишта кон формирање на радикални верувања и свртување кон насилни акти зошто поединци може да се вклучат или да се одделат во процесот на радикализација. Важно е да се нагласи дека не сите поединци кои поминуваат преку првите фази го достигнуваат нивото на насилна радикализација. Исто така, можно е да се движите помеѓу „чекорите“ и да се оди напред-назад во овој модел. Моделот Могадам[26] има за цел да покаже дека радикализацијата што води кон насилство е резултат на многу поголеми процеси во општеството. Не ги опфаќа сите можни форми на насилство – наместо тоа, ги опфаќа важните делови од процесите на радикализација кои водат кон насилство.

Траекториите на радикализација што доведува до насилство се артикулирани во овој модел околу следните шест чекори, засновани на метафора на качување по скали до катови на зголемено прифаќање на насилството, и може да помогне во подобро објаснување во која фаза на насилна радикализација се наоѓа лицето како и кои интервенции да бидат соодветни на секое ниво.

<u>Приземје: Психолошка интерпретација на материјалните и социјалните услови</u>

► Субјективна перцепција на лишеност, неправда, социјална неподвижност.

► Закани за идентитетот.

► Влијание на медиумите кои шират чувство на неправда.

[26] Moghaddam F.M., (2005), The Staircase to Terrorism. A Psychological Interpretation, *American Psychologist*, Vol 60(2), Feb-Mar 2005, 161-169, достапно на: http://fathalimoghaddam.com/wp-content/uploads/ 2013/10/ 1256627851.pdf.

Прв кат: Предвидени опции против нефер третман

Овие опции се:

► перцепција за недостаток или ограничени можности за социјална мобилност и алтернативни начини за подобрување на состојбата,

► перцепција на правните постапки како неправедни и пристрасни.

Овие опции генерираат чувство на неправда и нелегитимност на важечкиот нормативен систем. На тој начин, почувствуваната агресија се проектира кон другиот, кој се смета за одговорен за проблемите, со што се овозможува преминот на вториот кат.

Втор кат: Агресија

Вториот кат се карактеризира со поместување на агресијата, која во оваа фаза е вербална и физичка. Ова се рефлектира со директна или индиректна поддршка на групи или организации кои се залагаат и промовираат визија за „ние против нив“.

Трет кат: Морална посветеност

Тоа е чекор каде насилната група или организација се чини дека го поддржува процесот на ангажирање преку убедување и оправдување на средствата за да се постигне идеално општество. Таа користи тактика на изолација, припадност, доверливост и страв.

Овие организации се позиционирани на две нивоа:

► макрониво, како единствена опција за промена на светот или реформирање на општеството;

► микрониво, како засолниште за револтираните, незадоволните, маргинализираните и другите луѓе кои се наоѓаат во слични ситуации.

Четврти кат: Категорично размислување и легитимност на насилната група или организација – Регрутирање

► Влегување во насилната група или организација и почеток на „тајната“ интрасоцијализација.

► Групата го промовира дихотомното размислување „ние против нив“ и ја зголемува изолацијата.

<u>Петти кат: Насилниот чин и механизмите на инхибиција</u>

Ова е оперативна фаза, каде што поединци се опремени да вршат насилни дејствија. Тие ги добиваат потребните ресурси за да ги спречат механизмите кои спречуваат преземање насилни дејствија:

► социјална категоризација, која се користи за идентификување на целта и на непријателот,

► влошување на разликите помеѓу интрагрупата и дополнителната група,

► спречување на каков било механизам на инхибиција.[27]

По анализата на облиците и манифестациите на радикализација што доведуваат до насилство, факторите кои влијаат и траекториите, може да се заклучи дека не постои апсолутно јасна причинско-последична врска на радикализацијата, туку тоа е сложен процес кој е различен за секој случај.

Бидејќи причинско-последичната врска може да се протолкува различно, терминот и логиката на „превенција“ се проблематични од гледна точка на општествените науки. Во оваа смисла, „превенцијата“ во ова истражување попрецизно би значело „адресирање на радикализацијата пред таа да стане насилна“, наместо „да се избегне“ или „да се осигура дека тоа нема да се случи“.

## 4.3. (Не)дефинирање на тероризмот

Во литературата не постои општоприфатена дефиниција за поимот **тероризам**. Секој кој го изучувал и пишувал за тероризмот, создал своја дефиниција врз која го темелел своето истражување.

Според Волтер Леквер, тероризмот е однапред смислено, намерно, систематско убивање, заканување и заплашување, со цел да се предизвика страв кај

[27] Garcia M, Pasic, L. (2018). *Youth work against violent radicalization-Theory, concept and primary prevention in practice*, Council of Europe and European Commission, Council of Europe Publishing: Strasbourg Cedex.

невините луѓе за да се оствари политиката или тактичка предност и вообичаено да се влијае врз јавноста.[28]

Еден од најпознатите современи теоретичари на тероризмот - Пол Вилкинсон, застапува поинакви сфаќања за теророт и тероризмот и аналогно на тоа презентира различна класификација. Според него, теророт претставува користење на застрашување со цел да се оствари принуда од страна на револуционерните движења, режими или поединци со политички мотиви, а тероризмот го смета за систематско спроведување на организиран терор, било од страна на државата, движење или фракција или од страна на мала група поединци.[29]

Брајан Бургон[30] смета дека тероризмот е политички мотивирано насилство против неборбени сили, додека Чарлс Тили го проучува тероризмот како политичка стратегија која ја имплементираат оние кои се обидуваат да ја централизираат својата моќ или оние кои, по пат на страв, се обидуваат да ја предизвикаат државата со цел да се здобијат со моќ или предност.[31]

Тероризмот е новиот опасен вирус на дваесет и првиот век кој енормно се шири како резултат на огромен број различни фактори на различни нивоа: глобално, меѓудржавно, национално и лично.

Денес тероризмот ни „подари“ една нова олимпијада - „Олимпијада на жртви“ со огромни и страотни последици. Жртвите најчесто се невини луѓе чиј број секојдневно сè повеќе се зголемува давајќи му значаен белег и примарно место на настаните на денот на сите меридијани на светот.[32]

Тероризмот, во суштина, претставува криминална повреда на речиси секој национален или меѓународен правен кодекс. За таа цел, неопходно е да се детерминираат најзначајните основи врз кои ќе се прави разлика на силните акти

---

28 Laqueur, Walter. (1999). The New Terrorism: Fanaticism and the Arms of Mass Destruction. NewYork: Oxford University Press.

29 Wilkinson, Paul. (2001). Terrorism Versus Democracy: The Liberal State Response. London: FrankCass.

30 Burgoon, Brian (2006.) “On Welfare and Terror: Social Welfare Policies and Political-Economic Roots of Terrorism”, Journal of Conflict Resolution, 50 (2):176-203.

31 Tilly, Charles (2005.) “Terror as Strategy and Relational Process”, International Journal of ComparativeSociology, 46 (1-2):11-32.

32 Котовчевски, Митко (2004). Борба против тероризмот, Македонска цивилизација, Скопје

и неприфатливите криминални активности. За таа цел, од суштинско значење е да се расветли феноменот на тероризмот и како кривично дело:

- Тероризам претставува кривично дело што е насочено против одреден државен поредок и против легитимно избрана власт на конкретна држава;
- Тероризам претставува кривично дело што во описот на своето битие ги содржи следните елементи: насилство, терор, застрашување, уцени, земање заложници, киднапирање, закани итн;
- Тероризам претставува кривично дело што е тесно поврзано со политиката;
- Тероризам представува кривично дело што се финансира и е тесно поврзано со блиските и сродни инкриминации, кои во суштина, ги представуваат и основните извори за нивно финансирање: трговија со дрога, трговија со оружје, нуклеарна, хемиска и биолошка пролиферација, трговија со луѓе, поврзаност со феномените на транснационалниот организиран криминал, а посебно со финансискиот криминал и со рекетирањето;
- Мотивацијата на терористичкиот чин може да има социјална, политичка, филозофска, идеолошка, религиозна, културна и етничка основа;
- Тероризмот претставува сосема идентичен облик на криминалитет со воените злосторства (честопати е тешко да се направи разлика помеѓу тероризмот и воениот криминал).[33]

Согледувајќи ги сите наведени сфаќања за поимот тероризам, станува јасно дека тероризмот, во овој случај, претставува облик на криминална активност којашто ги содржи следниве карактеристики:

- Извршување акти на насилство;
- Застрашување или создавање чувство на страв;
- Загрозување и повредување вредности како што се животот, здравјето, моралниот интегритет, имотот, јавната и државната безбедност и

[33] Митко Котовчевски (2003), Современ тероризам, Македонска цивилизација, Скопје

- Постоење посебен мотив за извршување, кој се согледува во остварување одредена политичка, социјална, национална, идеолошка или религиозна цел. [34]

Според Националната стратегија за безбедност на САД, тероризам е смислено политички мотивирано насилство против цивилни цели од страна на ненационални групи.[35]

Се наведуваат два вида на детерминанти, објективни и субјективни, кои се „виновни“ за појава на тероризмот:

- Во објективни околности спаѓаат неправдите и несовршеноста во економската основа и политичката наградба на општеството, (нефукнционирањето на неговите институции, недоволното образование, сиромаштијата, изолираноста на поединците и општествените групи, корупцијата, реваншизмот, судири, постоење на систем на формална демократија, губење на доверба во политичкиот систем итн.);
- Под субјективни околности се подразбира „земање на работите во свои раце“ т.е. „земање на правдата во свои раце“ заради процената дека постојната состојба може да се промени само со насилство.[36]

Стремежите на терористичките акти се следните:

- Добивање на општо светско, национално и локално признавање на нивната цел;
- Предизвикување на претерана реакција од страна на власта за да се создаде атмосфера на наклонестост кон терористите;
- Да ги напаѓа, ослободува и засрамува владините сили за безбедност, намалувајќи ја нивната ефикасност и поткопувајќи ја довербата во нив;
- Отуѓување со цел добивање пари, оружје и опрема;
- Уништување на тактички и симболични цели;

---

34 Тања Милошевска (2018), Глобален тероризам, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Филозофскифакултет-Скопје.
35 National Strategy for Homeland Security, 2003
36 З. Нацев, Т. Петрески, (2013), Стратегиски проекции на Република Македонија вонадворешната и безбедносната политика, Скопје.

- Одвраќање на странски инвестиции и програми за помош;
- Остварување на влијание врз решенијата на владата, законодавството или за време на изборите;
- Одмазда.

Владата на Република Македонија пак, во Националната стратегија на Република Македонија за борба против тероризмот 2018-2022,[37] го дефинира тероризмот како незаконско користење на насилство и заплашување, особено против цивили, во потрага по исполнување на политички цели.

Од ова може да заклучиме дека тероризмот е дејствије или низа на дејствија на поединец или група кој/и со своето дејствување го загрозуваат животот и/или имотот на другите, го нарушуваат правниот и уставниот поредок на државите, негатино влијаат врз интегритетот и сувереноста на државите, а сѐ со цел да остварат лични цели.

Во 2018 година во Тирана, владите од Западен Балкан потпишуваат Заеднички акциски план за борба против тероризмот. Во согласност со договорите за стабилизација и асоцијација, заклучоците на Советот од 19 јуни 2017 г. и 26 јуни 2018 г. и Софиската декларација од Самиот ЕУ - Западен Балкан од 17 мај 2018 г., и врзоснова на Стратегијата на Европската комисија за Западен Балкан од 6 февруари 2018 г. потребно е зголемување на заедничките активности во борбата против тероризмот (БТ) и спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам (С/СНЕ).

Оттаму, овој Заеднички акциски план го истакнува конкретното ниво на амбицијата и фокусот кој е заеднички за сите партнери од Западен Балкан, како и поддршката на ЕУ во борбата против тероризмот, вклучително и спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам. Петте цели за борбата против тероризмот содржани во овој план треба да обезбедат заеднички фокус и да доведат до конкретни резултати со цел справување со постоечките безбедносни

---

37 Национална стратегија на Република Македонија за борба против тероризам (2018-2022), Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, Влада наРепублика Македонија, достапно на: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/bpt_nacionalna_strategija_2018.pdf

предизвици. Ова треба да вклучува систематско јакнење на регионалната соработка. Сите партнери од земјите на Западен Балкан и ЕУ имаат тенденција за остварување на овие пет цели до декември 2020 г. преку акциите предвидени во овојплан. Акциите наведени во овој план треба да бидат неисцрпни, прилагодливи на појавните потреби и развојните случувања и треба да бидат предмет на редовна ревизија, рефлектирајќи го притоа развојот на политиката на ЕУ и законодавството во областа на борбата против тероризмот. Понатаму, овој план не наметнува, нуту пак, има намера да наметне какви било обврзувачки, правни или финансиски обврски на која било од страните, согласно националното или меѓународното право.

Оттаму, истиот не е во спротивност, интер алиа, на Договорите за стабилизацијаи асоцијација кои партнерите на Западен Балкан ги склучија со ЕУ, како и финансирањето од страна на ЕУ, коешто останува предмет на донесување на одлуки во согласност со правото на ЕУ. Овој план треба да се усогласи со политичките мерки кои се преземени во рамките на Договорите за стабилизација и асоцијација и онаму каде што е релевантно, со преговорите за пристапување.

#### 4.3.1. Специфични опасности од заканата од странските терористички борци

Севкупно, од крајот на 2012 до почетокот на 2016 година се проценува дека околу 1,000 лица од земјите на Западен Балкан патувале и престојувале во Сирија и Ирак, дел и со своите семејства. Некои се приклучиле на ИСИС, додека други се поврзале со Џабат Фатах ал-Шам (попознат како Ал Нусра фронт, а сега новокомпониран како Хајат Тахрир ал-Шам). Овие поединци потекнуваат од Р. Косово, Босна и Херцеговина, Р. Албанија, и Р. Македонија.

Бидејќи територијата на ИСИС е намалена, некои од странските терористички борци од Западен Балкан се вратија дома или заминале во трети земји, додека пак, некои загинале на боиштата.

Заминувањата и враќањата на странските терористички борци беа намалени и како резултат на интензивираните регионални и меѓународни напори насочени кон кривично гонење на потенцијалните борци и повратници од Сирија и Ирак. Во

споредба со другите земји, странските терористички борци од Западен Балкан во Сирија и Ирак се постари (просечно мажите се на возраст од 31, а жените на 30 години на датумот на нивното влегување во Сирија) и вклучуваат повеќе жени (27 до 36 проценти, кај државјаните на Косово и Босна и Херцеговина, соодветно) што е речеиси двојно повеќе од европскиот просек. Како последица на ова, оние кои не се борци ( најчесто жени и деца) сочинуваат многу поголем дел (и до 55 проценти) од контингентот на Западен Балкан, отколку од другите странски контингенти во Сирија и Ирак.[38]

Иако не постои уникатен профил на типичен странски терористички борец од Западен Балкан, сепак индивидуите кои заминале имаат заеднички особини: (1) врски со дијаспората во ЕУ (особено во Австрија и Германија), и (2) криминално минато пред заминувањето. Други заеднички карактеристики на странските терористички борци се ниското ниво на образование, невработеноста, дисфункционалните или распаднати семејства и проблеми со менталното здравје.

Од гледна точка и перспектива на државното и општинско-локалното ниво, меѓуетничките односи во Македонија меѓу двете најголеми заедници и натаму се релативно напнати, особено во деловите на земјата каде сè уште се присутни екстремистички групи, склони да користат насилство за остварување на нивните политички цели. Досега имаше случаи на насилство против граѓаните и институциите на Република Македонија. Овие акти на насилство може да ги засилат насилните реакции.

Од интрадржавна гледна точка, врз основа на претходни истражувања и анализи, градовите Скопје (во рамки на Градот Скопје, населбите Чаир, Серава и Гази Баба), Тетово, Гостивар и Куманово се посочуваат како главни локации за постоење на насилниот екстремизам во Република Македонија.

Сè уште постојат предизвици во поглед на заштитата на граѓаните на Република Македонија од влијанието на екстремистичките идеологиии засновани на нетолеранција, омраза и насилство, кои ги остваруваат политичките и идеолошките цели преку злоупотреба на религијата.

---

[38] Sajjan Gohel & Vlado Azinovic, „The Challenges of Foreign Terrorist Fighters: A Regional Perspective," PfP-CTWG Policy Paper, November 2017, достапно на: www.pfp-consortium.org

Заканата од странските терористички борци, и т.н. „push-pull"(потисни-повлечи) фактори и двигателите што ги продуцираат и одржуваат, се особено важна надворешна закана што треба да се потенцира.

Странски терористички борци од Република Македонија се главно млади машки лица што развиле лични врски (во тек на неколку години) со мала група радикални имами што делуваат во Скопскиот Регион. Во поново време, овие текови се намалени по активностите на органите на прогонот против некои радикални имами и падот на влијанието на ИСИС.

Драстично намалување на странски терористички борци од Република Македонија од 2016 година наваму се должи на зголемената тешкотија при патувањето преку Република Турција, апсењата на регрутирачите и помагачите во Република Македонија, како и зголеменото медиумско внимание кон ѕверствата на ИСИС.[39]

Во поглед на двигателите на оваа закана, истражувањата и анализите, како и спроведените интервјуа со граѓани на Република Македонија, ги потенцираат економските, социјалните и идеолошките фактори како најверојатни што влијаат и придвижуваат странски терористички борци. Исто така, забележителни се улогите и влијанието што често го одигрували регрутерите, таргетирајќи ги ранливите поединци на најранливите локации, како што се оние со криминално минато. Наспроти изјавите на самоидентификуваните верски конзервативци, пријателите, семејството и соседите на странските терористички борци, експертите и испитаниците придаваат помала вредност на важноста индентификувањето на странските борци со хуманитарното страдење на цивилите во конфликтните држави, како што се Сирија и Ирак.

Спроведените локални и регионални истражувања, исто така, ги наведуваат финансирањето и влијанието на верски организации од Блискиот Исток како значителен двигател на екстремизмот во Република Македонија покрај

[39] Национална стратегија на Република Македонија за борба против тероризам (2018-2022), Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, Влада наРепублика Македонија, достапно на: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/bpt_nacionalna_strategija_2018.pdf

влијателните улоги што ги играат локалните имами и локалните лидери поврзани со екстремизмот.

Оценка е дека сето ова негативно влијае на добрособедските кооперативни односи што почиваат на доверба, не само во локалниот контекст, туку и на регионално ниво. Со ваквите нови и растечки типови на предизвици и услови, подготвеноста и превенцијата стануваат суштествени предуслови за одржување и зачувување на легитимни капацитети за борба против тероризмот.

Дополнителни фактори кои имаат тенденција да влијаат на циклусите на предрадикализација до радикализација се и затворените етнички групи, ограничените интеркултурни настани, ниската социјална свест, намалениот секуларизам како резултат на нереформираните и нелиберализираните верски заедници, покрај „домино“ или ефектот на прелевање од надворешни динамики.

И на крајот, а можеби најважно, системската структурна сиромаштија е критична и централна причина за проблемите од **радикализација, насилен екстремизам и тероризам.**

## 5. Западен Балкан во глобалната средина на онлајн екстремизам

Западен Балкан отсекогаш се сметал за политички нестабилен регион што има историја на насилство и свирепости.[40] По војните што ја распарчија поранешната Југословенска Република и по завршувањето на комунистичката диктатура во Албанија, земјите од Западен Балкан влегоа во долготраен период на демократска транзиција за којшто беа типични социоекономската сиромаштија, недовербата во владините институции и меѓуетничките тензии, доведувајќи до тоа луѓето да се плашат за нивната благосостојба и иднина.[41] Во комбинација со процесот на „заробување на државата“, каде политичките елити манипулираат со незадоволството и колективните трауми со цел да се збогатат себеси и да промовираат „другост“, а бескрајните социјални неправди поттикнуваат чувство на малодушност и жртвување кај народот, се создава поволна средина во која екстремизмот и омразата пуштаат корени и расцветуваат.[42] Насилните исламски и десничарски екстремисти максимално ги искористија овие „потисни/привлечни фактори“ за да добијат поддршка, да ги радикализираат, врбуваат и мобилизираат поединците за нивната кауза. На пример, повеќе од 1.000 лица од земјите од Западен Балкан заминаа да живеат и да се борат за Исламскиот калифат како дел од Даеш. Во исто време, во општеството сè повеќе почнаа да се популаризираат ултранационалистички, расистички и ксенофобични идеологии,[43] со што се создаде систем на реципрочна радикализација помеѓу овие екстремни идеологии.

Иако физичките средби обично ја олеснувале радикализацијата и врбувањето на Западен Балкан, се чини дека интернетот игра многу позначајна

---

[40] Buljubašić, M. (2022). Violent Right-Wing Extremism in the Western Balkans: An overview of country-specific challenges for P/CVE. Radicalisation Awareness Network. Luxembourg: PublicationsOffice of the European Union, https://home-affairs.ec.europa.eu/system/files/2022- 08/ran_vrwe_in_western_balkans_overview_072022_en.pdf

[41] Simeon Dukić. (2022). Online Extremism in North Macedonia: Politics, Ethnicities and Religion, 4, достапно на: https://www.isdglobal.org/wp-content/uploads/2022/01/Online-Extremism-Mapping- North-Macedonia.pdf

[42] RAN, Online radicalisation and P/CVE approaches in the Western Balkans.

[43] Vlado Azinović and Edina Bećirević. (2017). A Waiting Game: Assessing and Responding to the Threatfrom Returning Foreign Fighters in the Western Balkans, достапно на: https://www.rcc.int/pubs/54/a-waiting-game-assessing-andresponding-to-the-threat-from-returning-foreign-fighters-in-the-western- balkans

улога во овој процес.[44] На пример, во едно истражување на јавното мислење кај младите што беше спроведено во регионот Санџак во Србија, 47 % од испитаниците сметаат дека социјалните мрежи се најважни алатки на екстремистичката пропаганда, а 52,6 % сметаат дека онлајн платформите се клучни за споделување на екстремистички идеи.[45]

Стапките на лица кои имаат пристап до интернет во Западен Балкан се зголемија во изминатава декада, така што мислењето дека интернетот придонесува кон радикализацијата не е неосновано. За екстремистите, онлајн просторот е попримамлив за користење поради поголемиот број корисници и поради тоа што таму е поверојатно дека поединците ќе бидат изложени на екстремистички содржини. Со оглед на тоа што се јавуваат сѐ поголем број интернет-корисници, онлајн радикализацијата претставува сѐ поголем и порелевантен проблем на Западен Балкан. Локалното население е особено ранливо на дезинформации, што може да придонесе кон радикализација и да создаде политички и социјални нереди.[46] Ова се должи на многу фактори, вклучувајќи ги ниските стапки на медиумска писменост, недовербата во медиумите и недостатокот на независно новинарство.

Западен Балкан има значајно место во глобалните екстремно исламистички и десничарски мрежи и дискурси. Благодарение на неговата уникатна и културолошка разновидност и сложената историја, овој регион се смета за бојно поле каде се судираат цивилизациите помеѓу христијанските и исламските светови. Она што ја прави геополитичката ситуација уште покомплексна и непредвидлива е тоа што регионот, исто така, се смета за своевидно игралиште кадесе води војната помеѓу Западот и Русија за превласт врз срцата и умовите на

---

44 Vlado Azinović (2018). Western Balkans Extremism Research Forum: Regional Report UnderstandingViolent Extremism in the Western Balkans, 15.

45 Predrag Petrović and Isidora Stakić. (2018). Western Balkans Extremism Research Forum: Serbia Report, 15, достапно на: https://www.britishcouncil.rs/sites/default/files/erf_report_serbia_2018.pdf 46 Samuel Greene et al., (2021). Mapping Fake News and Disinformation in the Western Balkans and Identifying Ways to Effectively Counter Them, 13-15, достапно на: https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/STUD/2020/653621/EXPO_STU(2020)653621_EN.p df

локалното население.[47] Третиот и поеднакво важен слој е натпреварот помеѓу Турција, Саудиска Арабија и Иран за присвојување на муслиманското население на Западен Балкан.[48] Овие борби за превласт и кампањите за влијание се пренесуваат во онлајн просторот и имаат директно и многу комплексно влијание врз регионот. Иако не сите се со зла намера, злонамерните чинители од двете крајности на спектарот намерно и системски целат на ранливите заедници и групите што се на работ на општеството за да добијат поддршка за нивната политичка агенда.

Интернетот не спаѓа во надлежностите на ниедна влада, што им овозможува на екстремистичките идеологии и ставовите на омраза слободно да преминуваат преку политичките граници. Јазикот е главна препрека на патот кон пристапот до расположливите содржини. Поради тоа, злонамерните чинители надвор од регионот се потрудија да ги преведат и споделат содржините на јазикот што го користи локалното население. Исто така, тие вложија заеднички напори за приспособување на нивните пораки со цел да ги искористат вкрстувачките социјално-политички расцепи (cross-cutting cleavages) и најчувствителните политички прашања на Западен Балкан. Пораките, исто така, беа приспособени на начин што ќе ги опфати актуелните важни расправи и беа пласирани во најчесто користените канали. Овој пристап воглавно беше успешен, со оглед на тоа што онлајн десничарските екстремистички групи на Западен Балкан се служат со глобални теми за промовирање на антиглобализмот и зајакнувањето на популизмот на Западот.[49]

И покрај тоа што се дел од и под влијание на глобалниот онлајн екстремизам, постојат конкретни онлајн екстремистички трендови на Западен Балкан што се карактеристични само за овој регион. Како што е опишано погоре, овие трендови се појавија врз основа на истата уникатна демографија и историја на регионот, но немаат пошироко значење надвор од Западен Балкан. Тие покажуваат дека проблемот со онлајн радикализацијата во основа е регионален и не зависи од

---

[47] Rina Hajdari. (2018). Western Balkans as Russia’s New Anti-Western Playground. https://www.iir.cz/western-balkans-as-russia-s-new-anti-western-playground-2

[48] Dimitar Bechev and Ahmet Erdi Öztürk. (2022). Competing over Islam: Turkey, Saudi Arabia, and Iranin the Balkans, достапно на: https://www.mei.edu/publications/competing-over-islam-turkey-saudi- arabia-and-iran-balkans

[49] Radicalisation Awareness Network (2022). Online radicalisation and P/CVE approaches in theWestern Balkans. Conclusion Paper – Regional small-scale meeting.

влијанијата на конкретни држави, освен во исклучителни околности. Постојат неколку причини за ова:

(1) наследството од (неразрешените) конфликти во 1990-тите и долготрајните меѓуетнички тензии кои постојано ја потпалуваат меѓуграничната омраза и екстремизмот,

(2) ширењето и сличноста на јазиците во регионот овозможува (екстремистичките) идеологии и наративи непречено да бидат споделувани и

(3) мултикултуралните карактеристики на секоја земја, динамиките на идентитетот и поширокие вкрстувачки социјално-политички расцепи што предизвикуваат ранливост и потенцијални бариери помеѓу населението. На пример, етничките албански имами кои го проповедаат салафискиот џихадизам од Косово можат да влијаат врз заедниците кои се служат со албанскиот јазик ширум Западен Балкан, а особено во Албанија, Црна Гора и Северна Македонија.

Од друга страна, екстремистичките десничарски наративи на српските националисти можат да влијаат врз српското население во Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово и Црна Гора.[50] Овој дел се состои од три дела што ќе ги разгледаат клучните онлајн трендови меѓу екстремистичките десничарски групи, екстремните исламисти и родово базираните динамики на екстремизмот.

## 5.1. Механизми за справување со онлајн екстремистички наративи ширум Западен Балкан

И покрај тоа што не постојат квалитетни истражувања за утврдување на влијанието од онлајн екстремистичките наративи за интернет-корисниците, владите од Западен Балкан се свесни за заканата од онлајн радикализација. Многу од нив самите го наведуваат овој проблем во Националните стратегии за борба со насилниот екстремизам, а некои од нив дури имаат оформено структури за одговор

50 Comeford, M. and Dukić S. (2020). Online Extremism: Challenges and Opportunities in the WesternBalkans. Washington D.C.: Resolve Network. https://doi.org/10.37805/pn2020.7.wb.

на ова прашање, како што е црногорската Единица за пријавување на неприфатливи содржини на интернет или пак се служат со постојни оддели и/или структури за следење на екстремистичките содржини.[51] Меѓутоа, и покрај тоа што се свесни за проблемот и му даваат приоритет, постојат мал број податоци за иницијативи предводени од Владата за справување со онлајн радикализацијата. Дури и да има такви иницијативи, нема јавно достапни евалуации за увид во нивното влијание.

Постојат различни начини на одговор за борба со онлајн радикализацијата. Обично се ставаат во две категории - одговор на понудата и одговор на побарувачката, во зависност од нивниот пристап. Во поглед на понудата, засегнатите страни работат заедно со цел да спречат користење на интернетот за терористички цели и испраќање екстремистички пораки. Владите, практичарите и граѓанското општество се во тесна соработка со технолошките компании за модерирање и филтрирање на проблематичните содржини и прибирање податоци за полициските истраги. Исто така, тие лансираат кампањи за стратешка комуникација со цел да се справат со и да понудат алтернативи на екстремистичките наративи и да пуштаат во употреба платформи за „проверување факти“ за поправка на погрешните информации/дезинформациите. Во поглед на побарувачката, практичарите работат на зајакнување на способностите на интернет-корисниците, без разлика на нивната возраст, за подобро снаоѓање во онлајн просторот и справување со проблематични содржини на соодветен начин. Следните два дела ќе дадат преглед на некои од одговорите на понудата и побарувачката што биле спроведени во регионот и ќе земат пример од европските практики што би можеле да им бидат од корист на чинителите ширум Западен Балкан.

Еден од клучните аспекти на иницијативите за борба со екстремизмот е пресретнувањето на екстремистичките пораки и пораките полни со омраза на интернет. Идејата се заснова на едноставна претпоставка дека ако се отстранат екстремистичките содржини од интернетот, тие нема да можат да влијаат врз

[51] Comeford, M. and Dukić S. (2020). *Online Extremism: Challenges and Opportunities in the Western Balkans*. Washington D.C.: Resolve Network. https://doi.org/10.37805/pn2020.7.wb.

корисниците и поширокото општество. Полицијата соработува со давателите на онлајн услуги за да се осигури дека стандардите на заедницата се во согласност со националните прописи чија цел е да ги штитат поединците од говорот на омраза и екстремистичките наративи. Тоа подразбира давање поддршка за пријавување содржини, барања за отстранување содржини и споделување податоци за олеснување на полициските истраги. Иако секоја земја на Балканот тоа го спроведува самостојно, Единицата за пријавување на неприфатливи содржини на интернет на Европол дава поддршка преку зајакнување на капацитетите, подигање на свеста, споделување на информациите и давање пристап до механизмот за пријавување којшто има за цел да ги отстрани екстремистичките и терористичките содржини.[52] Иако пресретнувањето на екстремистичките активности и пораки на интернет по пат на цензура и отстранувањето на содржини се важни алатки на пошироките одговори за справување со екстремизмот, на краток рок не е решение за онлајн радикализацијата, а може дури и да има контрапродуктивни резултати. Практичарите предупредуваат да не се користи цензура и истакнуваат дека цензурата може да биде злоупотребена од страна на властите за замолчување на критички настроените гласови со изговор дека се справуваат со тероризмот и на тој начин ги прекршуваат основните човечки права и слободи. Исто така, под знак прашалник е ефикасноста на цензурата на интернет, со оглед на тоа што екстремистичките гласови можат повторно да станат активни со други имиња или на помалку достапни платформи. Поеднакво важно е тоа што цензурата може штетно да влијае затоа што го поткрепува верувањето дека регулаторите се корумпирани и имаат за цел да ја скријат вистината, а од друга страна да го повишат гласот на екстремистите.[53] Затоа е важно да се користат и да им се даде приоритет на другите одговори на понудата на екстремистички пораки.

Иницијативите за контранаративи се фокусираат на понудата на екстремистички содржини и им овозможуваат на целните групи да ги оспорат

[52] EUROPOL (2020). *Targeted: propaganda material disseminated in the languages of the Western Balkan countries,* достапно на: https://www.europol.europa.eu/media-press/newsroom/news/targeted-propaganda-material-disseminated-in-languages-of-western-balkan-countries

[53] RAN, Far-Right Extremism: A Practical Introduction, достапно на: https://home-affairs.ec.europa.eu/system/files/2019-12/ran_fre_factbook_20191205_en.pdf, 24

тврдењата на екстремистите.[54] И покрај овој недостаток, беа лансирани кампањи за стратешка комуникација што се засноваат на контранаративи и алтернативни наративи, се спротивставуваат на екстремистичките пораки и промовираат плуралистички вредности и почитување на човековите права на глобално ниво, но и на Западен Балкан. Една популарна програма што го опфаќа целиот регион е иницијативата „Резонантни гласови", чија цел е да ги доведе во прашање наративите за поларизирање, потпалување и радикализирање. Потпомогната од Балканската истражувачка репортерска мрежа, Пропулжн (Propulsion) и Граундскаут (Groundscout), оваа иницијатива лансираше неколку кампањи што беа наменети не само за граѓаните од земјите на Западен Балкан, туку и за заедниците од дијаспората што се ранливи на екстремистичките заедници. Нивната кампања #NijeToBašTako [#НеЕСèКакоШтоИзгледа] имаше за цел да ги прикаже личните мигрантски искуства на граѓаните од Западен Балкан и нивните патишта за интеграција во Европа.[55] Друга регионална кампања предводена од Хашкиот центар за стратешки студии по име „Животни приказни" ги прикажува личните искуства на странските терористички борци кои се вратиле на Западен Балкан со цел да ги одврати од идејата за давање поддршка на Даеш и останатите екстремистички исламски групи.[56] Меѓу 32-те видеа што беа направени за оваа иницијатива, се наоѓа приказната за поранешен екстремист од Северна Македонија кој сакал да замине во Сирија да ги заштити невините луѓе од свирепостите на режимот на Асад, бидејќи бил под силно влијание на шокантните слики и видео снимките на интернет. Меѓутоа, разочарувањето што го доживеале неговите пријатели и познаници кои се вратиле од војната и влијанието на неговото семејство го спречиле да отпатува во Сирија. Ова лице вели дека не жали за неговата одлука да не заминува, а кажаното се смета за силна порака што им се испраќа на поединците кои се изложени на

[54] Alastair G. Reed and Haroro J. Ingram. (2019). A practical guide to the first rule of CTCVE messaging: Do violent extremists no favours, достапно на: https://www.europol.europa.eu/cms/sites/default/files/documents/reed_ingram-a_practical_guide_to_the_first_rule_of_ctcve.pdf, 6

[55] https://resonantvoices.info/nije-to-bas-tako/

[56] Ilazi, R., Ardit Orana, Teuta Avdimetaj, Bledar Feta, Ana Krstinovska, Yorgos Christidis and Ioannis

ризик од присвојување на екстремистички идеи, особено бидејќи произлегува од поранешен екстремист.[57]

Исто така, во регионот има кампањи за контранаративи што се насочени кон конкретни држави. На пример, босанската младинска иницијатива, „Граѓаните против тероризмот“, има за цел да обезбеди безбеден онлајн простор така што се спротивставува наговорот на омраза и екстремистичките идеологии со информативни аудиовизуелни содржини, вклучувајќи мемиња, влогови и подкастови.[58] Исто така, имамите во регионот на своја рака преземаат дејства за спротивставување на екстремистичките пораки на интернет. На пример, имамот Мустафа Јусуфспахиќ од Белград редовно ги користи неговите профили на Фејсбук и Твитер за да промовира верска толеранција и општествена кохезија преку комуникација со неговите следбеници.[59] Исто така, во Косово*, група исламски теолози го пуштија во оптек порталот со контранаративи по име Fol Tash [Зборувај сега] со цел да се спротивстават на популарните екстремистички исламски наративи.[60] Освен овие кампањи предводени од граѓанските организации кои работат на основно, „грасрут“ ниво, владините агенции, исто така, се служат со алтернативна комуникација. На пример, Владата на Северна Македонија лансира кампања по име „Едно општество за сите“ за да ги чествува мултикултуралниот состав и традициите на земјите преку промовирање на разноликост и плурализам.[61] Извршувањето на ефикасна евалуација на влијанието на овие механизми врз динамиките на онлајн радикализацијата со постојните податоци претставува особена потешкотија. И покрај овој недостаток, контранаративите сè уште се сметаат за важна алатка на одговорите за справување со онлајн екстремизмот во битката за добивање превласт врз срцата и умовите на поединците и заедниците. Меѓутоа, кампањите имаат поголема шанса за успех доколку се придржуваат до клучните упатства. Во согласност со пристапот КИСМИ, во наративите треба да доминираат PS-PS пораки (Persuasive, Simple, Positive, Short - убедливи, едноставни, позитивни, куси) во комбинација со TANDEM пораки (Thematically Accumulated, Narrative-Drive, Emotion Motivators - тематски акумулирани, предводени однаративот, придвижени од емоции).[62]

[57] Ilazi, R., Ardit Orana, Teuta Avdimetaj, Bledar Feta, Ana Krstinovska, Yorgos Christidis and Ioannis Armakolas (2022). « Online and offline (de)radicalisation in the Balkans. Working paper 5. PAVE Project Publications.

[58] Radicalisation Awareness Network (2022). *Online radicalisation and P/CVE approaches in the Western Balkans*. Conclusion Paper – Regional small-scale meeting.

[59] Mejdini, F., Dzidic, D., Rudic, F., Tomovic, D., Marusic, S. J. and Ristic, M. (2017). *Balkan Imams Take Counter-Extremism Struggle Online*. Resonant Voices, достапно на: https://resonantvoices.info/balkan-imams-take-counter-extremism-struggle-online/

[60] Comeford, M. and Dukić S. (2020). *Online Extremism: Challenges and Opportunities in the Western Balkans*. Washington D.C.: Resolve Network, достапно на: https://doi.org/10.37805/pn2020.7.wb.

[61] Ilazi, R., Ardit Orana, Teuta Avdimetaj, Bledar Feta, Ana Krstinovska, Yorgos Christidis and Ioannis

[62] Reed, A. G. and Ingram, H. J. (2019). *A practical guide to the first rule of CTCVE messaging: Do violent extremists no favours*. EUROPOL, достапно на: https://www.europol.europa.eu/cms/sites/default/files/documents/reed_ingram-a_practical_guide_to_the_first_rule_of_ctcve.pdf

[63] Armakolas (2022). « Online and offline (de)radicalisation in the Balkans. Working paper 5. PAVE Project Publications.

## 6. Стратегии и платформи на државите од Западен Балкан за справување со насилниот екстремизам и тероризам

Шестте држави кои го сочинуваат Западен Балкан имаат свои стратегии и национални платформи во кои се дефинирани насилниот екстремизам и тероризмот, опишани се заканите, предизвиците, но и механизмите кои тие би ги користеле за одбрана и заштита на својата држава и својот народ.

Овие национални платформи се носат на највисоко политичко ниво, во соработка помеѓу политичките претставници на државата (претседател, премиер, министер за внатрешни работи, министер за одбрана, министер за надворешни работи...), со службите за безбедност, агенциите за разузнавање, военото разузнавање и професори од факултетите за безбедност кои редовно ја обработуваат безбедноста како проблематика која нѐ засега сите нас.

За да се донесе ваква програма/платформа, безбедносните служби мора да располагаат со точни информации за безбедносната ситуација во нивните држави, но и да ги знаат заканите и предизвиците со кои се соочуваат државите. Заканите можат да бидат внатрешни и надворешни, што значи неопходна е нивна заедничка соработка на разлчни нивоа со цел создавање на прецизни стратегии и планови за заштита и одбрана на државата од непријателите.

Овие безбедносни документи претставуаат еден вид на патоказ на државите во однос на нивната борба со насилниот екстремизам, радикализмот и тероризмот.

### 6.1. Стратешки, правен и институционален пристап на Србија во справување со тероризмот

Република Србија во стратешки документ јасно ги дефинира своите предизвици и закани од полето на тероризмот, но исто така и јавно го дефинира начинот на кои институциите ќе се справуваат со овие закани. Посебно се става акцент на работа според важечките закони во државата, за да не се направи грешка која може државата да ја чини многу поради преминување на законските регулативи. Ваквото потенцијално преминување на законските регулативи може

да ѝ донесе на државата нови санкции, притисоци или услови кои ќе значат одолговлекување на нивната ЕУ-интеграција, но и закана за трговијата и стопанскиот развој на државата, нешто што Србија веќе го има искусено во минатото.

Србија тероризмот го дефинира како негативна социјална појава која привлекува големо внимание на јавноста со својата моментална актуалност, штетност и последици кои ги произведува со својот начим на исполнување. Значи, станува збор за една повеќеслојна појава која мора да се обработува мултидисциплинарно.

Во овој документ се става посебен акцент на два значајна проблеми за српскиот безбедносен систем: Косово и Метохија и Новопазарскиот санџак во регионите Рашка и Полимља. Србија смета дека во овие два региони постојат исламистички радикални групи кои работат на отцепување од Србија, користејќи го муслиманскиот радикализам, односно користејќи го населението таму кое во најголем дел е муслиманско. Ги посочуваат Иран и Саудиска Арабија како финансиери на муслиманското население во Новопазарскиот санџак, каде одредени политички субјекти треба да се носачи на верскиот екстремизам во тоа подрачје.

Српските безбедносни служби како што се МВР (МУП) (со Управата на криминалната полиција, Специјалната антитерористичка единица и жандермеријата), БИА, ВБС и Воено-разузнавачката служба, во соработка со останатите институции на државата се носочени на борбата против радикализмот кој може да премине во тероризам во Србија.

Со ваквиот радикализам Србија се бори децении наназад, односно уште од времето кога Србија била дел од СФРЈ. Во поранешната држава, исто така, се појавувале групи кои барале независност од Федерацијата, а тоа го искажувале преку протести на кои се говорело за нивното деградирање од општеството. Важно е да се знае дека наследниците на овие групи, во најголем дел, се денес предводници на идеите за независност Косово и Санџак, што Србија особено го смета како закана по својата безбедност и територијален интегритет.

Српската полиција и нивните разузнавачки и контраразузнавачки служби активно ги следат случувањата во регионот, особено во Босна и Херцеговина, Македонија и Албанија, затоа што сметаат дека најголемите закани кон државата и српскиот народ можат да стигнат од тие три места.

### 6.2. Стратегијата за национална безбедност на Црна Гора

Ова е документ кој во оваа насока го предвидува работењето на државните институции за периодот 2022 - 2025 година.

Овој документ точно ги опишува проблемите и предизвиците со кои се справува државата, но точно ја определува и улогата на секоја институција во насока на превенирање и борба против тероризмот, перењето пари и финансирањето на тероризмот. Црна Гора во минатото беше главен центар за транспорт на цигари и алкохол кој најчесто завршуваше на пазарите во Африка и Латинска Америка, но и место каде што илегално се внесуваше кокаин и други дроги кои завршуваа на европскиот пазар на наркотици.

Оваа борба во Црна Гора ја водат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, АНБ (Агенција за национална безбедност), Централната банка на Црна Гора, Работната група за финански мерки против перењето на пари, Врховното државно обвинителство, Вишиот суд, Службата за заштита и спасување, Министертвото за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за цивилно воздухопловство, Управата за статистика, Агенцијата за заштита на животната средина, Царината.

Црна Гора е особено посветена на разбивање на мафијашките кланови кои го водат бизнисот со нелегална трговија на цигари, алкохол, дрога и оружје. Овие производи најчесто се внесуваат и изнесуваат од црногорските пристаништа, каде свои фирми и членови задолжени за посебни задачи имаат водачите на мафијашките кланови. Овие кланови доста често се радикализираат, па доаѓа до вооружани пресметки по улиците каде лесна мета можат да бидат и цивили. Исто така, мора да се напомене дека овие кланови соработуваат со радикални групи од

регионот, кои се дел од ланецот на трговија со дрога и оружје, потребни за остварување на своите цели.

Во овој документ се вели дека „тероризмот и националниот екстремизам, како методи за постигнување политички и други цели, директно ги поткопуваат виталните и стратешките интереси на државата, системските институции, критичната инфраструктура, снабдување и обезбедување на основни услуги на населението. Заканата од тероризам во Црна Гора е присутна, но со низок интензитет. Без разлика, тероризмот е на самиот врв на признатата листа и закани за безбедноста на Црна Гора. Спречување, и откривање на сите форми на тероризам е основна задача на сите државни органи и институции, но и на целата општествена заедница - вклучувајќи ги и верските заедници, образовниот систем, граѓанскиот сектор, медиумите и други. Говорот на омраза, односно заговарање омраза и нетолеранција врз основа на етничка припадност, раса, религија и/или некоја друга основа, особено кога се користи од страна на религиозни и/или анкетирани лица е еден од мотивационите фактори за радикализација и кон него треба да се постапува со посебно внимание.“

Темата за справување со радикализмот и тероризмот се обработува со посебно внимание поради превенција од ескалирање на состојбите во државата и намалување на можноста за активност на радикализираните групи.

### 6.3. Стратегија на Босна и Херцеговина за превенција и борба против тероризмот (2021-2026)

Советот на министри на Босна и Херцеговина на предлог на Министерството за безбедност, донесол Одлука со усвојување на Стратегија на Босна и Херцеговина за превенција и борба против тероризмот за период 2021-2026.[63]

Станува збор за важен стратешки документ со кој се потврдува посветеноста на институциите на сите нивоа на власта во федерацијата во превенција и борба

[63] trategija Bosne i Hercegovine za prevenciju i borbu protiv terorizma, 2021-2026, Vijeća ministara BiH 9. novembra 2022. godine, Sarajevo, достапно на: http://msb.gov.ba/PDF/010620231.pdf

против тероризмот како и насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам во склад со меѓународните должности како членка на Обединетите нации, Советот на Европа, ОБСЕ, Антитерористичката коалиција и потенцијален кандидат за членство во Европската Унија.

Стратегијата дефинира цели, принципи и мерки кои Босна и Херцеговина мора да ги преземе, како и временски рамки за нивна реализација во областа на превенцијата и борбата против тероризмот.

Цел на Стратегијата е на сите нивоа на власта да се воспостави ефикасен, кохерентен и одржлив механизам за превенција на тероризмот, насилниот екстремизам и радикализацијата кои водат кон тероризам, кои ќе допринесат за развојот на отпорноста на заедницата према овие предизвици.

Заради специфичната политичка ситуација во која се наоѓа Босна и Херцеговина, Владата на Федерацијата на Босна и Херцеговина им наложила на Република Српска и дистриктот Брчко БИХ (кои се територијално дел од Босна и Херцеговина), да изработат сопствени акциски планови кои ќе бидат дел од Стратегијата.

Босна и Херцеговина е мултиетничка, мултикултурна и мултирелигиска федерација. Најголемиот дел од населението е муслиманско, а по него следуваат православните христијани кои во најголем дел живеат во Република Српска.

Предизвик на безбедносните служби е да ги контролира верскиот и националниот радикализам. БиХ и во минатото била споменувана како место каде постојат тренинг-кампови во кои се негува муслиманскиот радикализам, се приповеда за свет џихад, борби за превласт во светот, но и за исламизирање на регионот во кој живеат. Од друга страна, пак, им се заканува отцепување на голем дел од територијата наречен Република Српска, каде што политичарите со поддршка на населението кое во најголем дел е српско, цели кон осамостојување и создавање на нова држава на Балканскиот Полуостров која би била втора српска држава или би се припоила кон Република Србија и би станала дел од неа.

Во 2019 година, Владата на Босна и Херцеговина од Сирија враќа 25 свои државјани кои биле „заглавени“ таму. Со посебни безбедносни проверки тие се вратени назад. Меѓу нив имало 7 мажи, 6 жени и 11 деца, од кои 1 било без родители.[64]

Босна и Херцеговина најмногу стравува од повратниците од боиштата во Сирија и Ирак. Според нивната национална стратегија, овие борци дури се во своите краишта, собираат средства од продажба на имот, но и од „донатори“ кои пари им префрлаат преку Вестерн Унион (Western Union), со кои подоцна си го плаќаат патот до боиштата на Блискиот Исток.[65] Повратниците од овие воени зони се особено опасни поради мултиетничноста на државата, односно нивниот национален и верски радикализам ги прави нетолерантни за другите нации и религии, па овој радикализам многу лесно може да прерасне во тероризам.

### 6.4. Платформа за борба против насилниот екстремизам и тероризам на Албанија

Албанската платформа за борба против насилниот екстремизам донесена од Советот на министри на Република Албанија, го дефинира насилниот екстремизам како акт на насилство за достигнување на политички цели.[66]

Во оваа платформа се вели дека Албанија е држава која е настаната врз демократски принципи и должност е на идните генерации тие принципи да ги негуваат. Еден од тие е и борбата против насилниот екстремизам кој може да премине во тероризам. Албанската национална платформа за борба против насилниот екстремизам има за цел да ги зачува вредностите на толеранција и религиозна хармонија, да ги заштити човековите права, владеењето на правото и демократијата и да ја брани Албанија и нејзините граѓани од насилен екстремизам.

---

[64] Strategija Bosne i Hercegovine za prevenciju i borbu protiv terorizma, 2021-2026, Vijeća ministara BiH 9. novembra 2022. godine, Sarajevo, достапно на: http://msb.gov.ba/PDF/010620231.pdf
[65] Procjeni rizika od pranja novca i finansiranja terorizma u BiH za period 2018. -2022. godina
[66] Albanian National Strategy, Countering Violent Extremism, Adopted by the Council of Ministers of the Republic of Albania (Decision no. 930) on 18 November 2015 and published in the Official Gazette of the Republic of Albania (203/2015), Tirana, Albania.

Нивната мисија за достигнување на овие цели е пресликана во четири точки:

- Зајакната соработка, координација и партнерство на локално, национално и интернационално ниво со Владата, владините агенции, невладините организации, приватниот сектор, религиските заедници и медиумите во работата и имплементирањето на платформата;
- Целосна локална аналза за подобрување во разбирањето на условите, факторите и носителите на радикализацијата до степен на насилство како и постоечките нивоа на заедницата за отпорност против насилниот екстремизам;
- Градење на заедница која е отпорна и нема да потпадне под радикализација и насилен екстремизам, преку образование, вработување и програми кои нема да наведат кон такво дејствување;
- Намалување на влијанието на екстремистичката пропаганда и регрутирање преку интернет со користење на социјалните мрежи кои најчесто се користат за таа цел.

Во Албанија ретко се говори за антитерористички акции и сузбивање на радикални и екстремистички групи. Но, сепак државата вложува во својата безбедност, а особено значење за тоа има и нивното членство во НАТО. Албанија константно ја модернизира својата армија, неодамна набави воздухоплови и беспилотни летала кои треба да служат за одбрана на државата од внатрешни и надворешни непријатели.

## 6.5. Стратегијата за безбедност на Косово (2022-2027)

Во Стратегијата за безбедност на Косово стои дека „Република Косово ги реализира и штити своите витални интереси, почитувајќи го принципот на слобода, еднаквост и демократија, посветени на мирно решавање на споровите како и промовирање на мирот, стабилноста и меѓусебната соработка со другите земји.[67]

Витални безбедносни интереси се:

[67] Kosovo Security Strategy 2022-2027, достапно на: https://kryeministri.rks-gov.net/wp-content/uploads/2022/10/2-Strategjia-e-Sigurise-e-Kosoves-ENG.pdf

- Заштита на суверенитетот и територијалниот интегритет;

- Зачувување на уставниот поредок и јавната безбедност;

- Човечка безбедност и социјален развој;

- Интеграција во евроатлантските структури и другите меѓународни механизми.

Остварувањето и зачувувањето на овие интереси се врши преку остварување на стратешките цели, кои се поврзани и одразуваат еден или повеќе државни интереси."

Настанувањето на Косово и прогласувањето на независна република е контраверзно прашање. Сè уште постојат многу дилеми и противници, особено во Србија и Босна и Херцегодина кои не ја признаваат независноста на Косово. Но, државата се бори со внатрешни и надворешни радикални групи, едни кои цврсто стојат на ставот дека Косово е независна република (албанско и муслиманско население) и оние кои се борат за враќање на Косово во границите на Република Србија (српско население, православни христијани). Кај двете страни постои и национален и верски радикализам кој лесно може да премине во физичка пресметка. За жал, сведоци сме на такви искрења кои најчесто се решаваат по дипломатски пат за да се превенира нова војна во која би бил вклучен целиот регион.

Косово е и на мапата на повратници на борци од воените жаришта во Сирија и Ирак. Не се знае точната бројка на заминати и вратени борци кои војувале таму, иако сите безбедносни служби во регионот соработуваат на ова прашање. Се стравува дека овие борци можат тамошниот радикализам да го преточат во регионот, односно да бидат охрабрени да преземат мерки, да направат акции против безбедноста на државите и граѓаните. Косовската влада, пак, освен од ова, стравува и од српскиот радикализам на северот на Косово, кој во последно време неретко прераснува и во вооружени пресметки.

Република Косово сè уште ја гради својата безбедносна структура, која мора да биде во рамки со меѓународните правила и прописи, но и да не излегува од рамката на резолуцијата на ООН 1244. Во борбата против радикализмот и тероризмот работат Министерството за внатрешни работи, Министерството за

финансии, Косовската безбедносна агенција, Обвинителството, Државниот обвинител, Министерството за европска интеграција итн, во соработка со ОБСЕ, Интерпол, НАТО и Европската Унија.

### 6.6. Национална стратегија за спречување насилен екстремизам (2023-2027) во Македонија

Во 2023 година Владата на Македонија ја носи Националната стратегија за спречување насилен екстремизам 2023-2027.[68] Во оваа стратегија се дефинирани предизвиците и целите на Македонија во однос на борба против насилниот екстремизам и тероризмот.

Насилниот екстремизам е дефиниран како динамичен процес во кој едно лице на крајот го прифаќа терористичкото насилство како возможно, па дури и какoлегитимен курс на дејствување. Иако не мора да значи, ова може на крајот да го наведе лицето да се заземе за терористички активности, да дејствува во нивна поддршка или да се вклучи во нивно извршување.

Тероризмот, пак, не е дефиниран со овој документ, но во претходната национална стратегија беше опишан како „незаконско користење на насилство и заплашување, особено против цивили, во потрага по исполнување на политичлки цели“.

Исто така, Република Македонија не претставува таргет на меѓународните терористички организации (нивните планови за изведување на терористички напади се ориентирани и насочени кон западноевропските држави). Сепак, поедини лица биле или се членови на меѓународни терористички организации и учествувале во изведување на вооружени дејствија. Регистрирани се и контакти на радикализирани лица од земјава со припадници на меѓународни терористички организаци (групи, мрежи, ќелии). Воедно, во Република Македонија делуваат и други радикализирани лица, членови на верски радикални групи и саморадикализирани лица по различен основ. Сите овие категории на лица

[70] Национална стратегија за спречување насилен екстремизам 2023-2027, Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, Влада на Република Северна Македонија, достапно на: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/nacionalna_strategija_sne_2023-2027.pdf

претставуваат потенцијална закана за екстремно радикално делување и извршување на терористички акти.[69]

Во стратегијата се обработуваат и примерите со повратниците од боиштата во Сирија, Ирак и Авганистан кои се длабоко инфилтрирани во македонското општество и претставуваат реална закана за националната безбедност. Македонската полиција во неколку наврати успешно разбиваше вакви ќелии кои имаа за цел да регрутираат нови борци и да планираат и изведуваат терористички напади во Македонија и соседните држави.[70]

Како главни локации каде постои радикалниот екстремизам во Македонија се посочуваат Тетово, Гостивар, Куманово и делови од Скопје - населбите Чаир, Серава и Гази Баба.

Министерството за внатрешни работи во соработка со АНА, ОТА, АР и Министерството за одбрана ги детектираат овие закани и работат на нивно спречување и отстранување. Институциите тесно соработуваат и со НАТО, Интерпол, Европол, ОБСЕ и останатите меѓународни безбедносни институции,сè со цел подобрување на колективната безбедност и благосостојба во регионот и пошироко. Имајќи предвид дека Македонија ја бранеше Европа од Европа во бегалската криза, можеме да кажеме дека меѓународните институции не штедат средства за помош и соработка во регионот кога се работи за безбедноста.

Посебно внимание се обрнува на говорот на омраза, особено преку социјалните мрежи, каде секој има слободен пристап и слобода на изразување на секоја тема. Проблемот настанува кога ова се злоупотребува во насока омаловажување и поттикнување на насилство, кое низ годините го имало многу.

Во овој документ се пишува и за меѓународната соработка која е од исклучително значење за борбата против насилниот екстремизам и тероризмот.

---

[69] *Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам 2021-2024*, Република Северна Македонија, 2021, Скопје, достапно на:https://ufr.gov.mk/wp-content/uploads/2020/05/pdf.

[70] Национална стратегија за спречување насилен екстремизам 2023-2027, Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, Влада на Република Северна Македонија, достапно на:
https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/nacionalna_strategija_sne_2023-2027.pdf

Спречувањето на насилниот екстремизам е можно само во соработка и координација на сите значајни субјекти на национално ниво. Регионалната соработка е од клучно значење особено ако се има предвид дека заканите од насилен екстремизам немаат граници и често се транснционални.

Меѓународната соработка е императив кога станува збор за закани кои ги надминуваат границите на една држава или на еден регион и не се поврзани со одредена култура, религија, вероисповед или друга припадност.

Проблемот на насилниот екстремизам и тероризам не започнува и не завршува само во една држава или само во еден регион. Напротив, светот се соочува со предизвикот и затоа не е можно една држава да се справува самостојно и да постигне забележителен успех. Проблемите се меѓународни, предизвиците глобални. Токму затоа и одговорот мора да биде сеопфатен и да вклучи размена на инфомации, искуства, знаења и вештини во меѓународни рамки.



# 7. Справување со насилниот екстремизам и тероризам во Западен Балкан

Како што веќе кажавме погоре, Балканот е „буре барут“ кое може лесно да се запали и затоа мора да се обработува со посебно внимание. Таквото внимание е неопходно баш поради радикализмот кој тлее на оваа териорија. „Будењето“ или активирањето на тој радикализам, може да нанесе непоправливи последици по државите и народите кои живеат на оваа територија, на што сме биле сведоци и во минатото.

Целта на овој труд е секако да се посвети на активностите кои државите ги преземаат за спречување на ширењето на радикализмот кој би можел да прераснево тероризам. Да се објасни соработката, организациските структури, но и поврзаноста на одредени политички чинители со радикалните и екстремистички групи.

## 7.1. Радикални структури во Западен Балкан

Западен Балкан во културолошка, верска и национална смисла е шаренолик. Тука во најголем број живеат десетина нации и народи, активни се повеќе од 4 религии и истите тие имаат свои навики, потреби, културолошки и идеолошки убедувања кои можеби се косат со нечии други.

На Западен Балкан постојат и жаришта на криминални групи кои се активни во последните години, а некои од нив се активни со децении наназад. Во секоја од државите постојат познати или помалку познати криминални групи кои „го држат“ подземјето, односно, работат со трговија на дрога, оружје, цигари, алкохол, луѓе итн. Голем број од овие криминални групи се и во тесна соработка со политичките партии во државите, па тоа го користат како олеснителна околност за работа и развој на нивниот нелегален бизнис.

Но, олеснителна околност за овие криминални групи е и самата местоположба на Западен Балкан, која е поставена како крстосница помеѓу Африка, Блискиот Исток и Европската Унија.

Впрочем, секој нелегален производ кој доаѓа од Африка или Блискиот Исток, а е наменет за државите од Европската Унија, мора да помине низ оваа територија. Исто така, пристаништата во Албанија и Црна Гора играат главна улога при „увозот“ на кокаинот од кој доаѓа од Латинска Америка, а понатаму се дистрибуира во внатрешноста на Европа. Од овие пристаништа се транспортира и канабисот кој во најголем дел се произведува во Албанија, а е наменет за пазарот во Северна или Јужна Америка, Азија или Блискиот Исток.




*Слика 3: Балканските рути на криминлното подземје*

Интересна појава на Балканот е анализирањето на радикалните и екстремистички структури. Секој кон секого го вперува прстот како потенцијална закана, иако тоа не е секогаш така. Но, се чини дека ваквите истражувачи и експерти само даваат мотив и алиби на властите во државите за извршување на оперативни акции во своите држави.

Гезим Крашниќи во 2011 година пишува за појавувањето на радикализмот во Македонија. „Првите знаци на насилен екстремизам и радикализација во Македонија датираат од раните 90-ти и се тесно поврзани со ненадејниот прилив на невладини организации финансирани од Голфските земји и враќањето на млади имами од Блискиот Исток. Оваа нова генерација на имами обучени во Блискиот Исток имаат дипломирано на неханафитски исламски школи. Овие организации и поединци своите заложби ги фокусирале на будење на скриен идентитет и повторно воспоставување на заборавените муслимански заедници на Балканот преку парична помош, а дел од овие заложби одат рака под рака со распротранувањето на различни исламски традиции несвојствени за регионот.[71]

Исламските радикалисти во Македонија често се поврзуваат (оправдано или не), со Исламската верска заедница во Македонија, но и со некои политички чинители во државата. Познато е дека и во вооружениот конфликт во 2001 година во Македонија, кој тогаш го водеа денешните челници на ДУИ и други политичари од албанскиот политички блок, учествувале радикални исламисти од Македонија, Косово, Босна и Херцеговина и Блискиот Исток. Но, и по крајот на војната во 2001 година, во Македонија неколку пати безбедносните служби извршуваат антитерористички акции со цел сузбивање на ваквите радикални и екстремистички групи. Како поголеми акции можеме да ги издвоиме „Планинаска бура“, во која беа ликвидирани повеќе екстремисти, а беше пронајдена и голема количина на оружје и муниција со која членовите на групата имале за цел да извршуваат напади врз цивили во градовите низ Македонија. Потоа, следат акциите „Ќелија 1“, „Ќелија 2“ и „Ќелија 3“ во кои се уапсени лица кои учествувале на боиштата во Сирија, Ирак и Авганистан, а во Македонија дополнително регрутирале нови потенцијални

[71] Гезим Крашниќи, 2011. „Забрането овошје“: исламот и политиката на идентитет на Косово и Македонија, стр. 3

борци. Во текот на овие три акции е утврдено  дека најчесто за средби се користат џамии, разговори и организирање со членовите на групите. Од прилика во истиот временски период, тогашниот претседател на Македонија Ѓорге Иванов, изјавува дека безбедносните служби во Македонија имаат информации за 84 лица вратени од боиштата на Блискиот Исток и дека истите претставуваат опасност кон безбеднота на државата и граѓаните.




*Слика 4: Припадници на безбедносните сили со дел од запленетото оружје од акцијата „Планинска бура“*

Во 2015 година Македонија е нападната од радикална структура од Косово, која со оружје и спремна за водење борба влегува на македонска територија и извршува напад врз караулата во Гошинце. Таму се затекнати четири припадници на МВР кои ја обезбедувале караулата, истите се врзани и одземено им е оружјето и муницијата која била таму. Македонската полција на 9 мај 2015 година започнува акција во Диво Насеље, Куманово, за сузбивање на оваа група. Активна борба таму се води два дена, сè дури групата не е разбиена. Осум припадници на македонската полиција се убиени, а повеќе од 30 се тешко ранети од страна на терористите. Официјалната бројка на загинати терористи изнесува 10, иако при истражување за овој труд и во разговори со лица добро упатени во работата на безбедносните структури, ми беше посочено дека таа бројка е многу поголема.

Овој регион е, исто така, преплавен и со нелегално оружје кое е останато после трите војни водени на овие простори. Не постои ниту приближно точна бројка на парчиња оружје кое е останато во домовите на учесниците во овие војни. Мора да се напомене дека ова оружје тие го поседуваат без соодветна дозвола и за истото непостои никаква евиденција, па затоа ова оружје за одредена сума на пари лесно може да се најде на црниот пазар.

Но, за да бидеме прецизни, мора државите поединечно да ги анализираме. Мора да знаеме кои криминални групи дејствуваат таму, која е нивната област на работа и како тие успеваат да останат толку долг период активни без да трпат посериозни последици. Важно е да напоменеме дека доста често радикалните групи во државите се тесно поврзани и со мафијашките кланови. Тие конекцијата за соработка ја наоѓаат во потребата за дрога и оружје која ја имаат радикалните групи, а особено оние кои се спремни да извршат терористички дејствија. Таквите радикалистички или терористички групи, немаат друг извор за набавка на оружје, освен од подземјето.

Најекстремниот пазар за насилство е меѓу паравојските. Долго време постоеја врски помеѓу криминалните вооружени групи на Балканот. За време на Балканските војни во 1990-тите години, голем број истакнати личности од подземјето помогнаа да се брани Сараево, додека паравојските како ОБК и Српската доброволна гарда (исто така познати како „Тигрите на Аркан“) содржеа до различен степен криминални елементи и се вклучија во криминални активности. Според Среќко Летал, политички аналитичар во Босна и Херцеговина, „некои од овие врвни криминалци имаа блиски врски со владејачките политичари и во односите што произлегоа од тоа понекогаш стана тешко да се разликува кој кого контролира. [72]

Во Македонија постои радикален исламизам кој е задолжен за регрутирање на борци за боиштата во Ирак, Авганистан и Сирија во името на Алах. Во минатото македонската полиција во неколку наврати сузбиваше вакви групи, односно

[72] The Global Initiative Against Transnational Organized Crime, Жаришта на организиран криминал на Западен Балкан, Локалните ранливости во регионален контекст (2019), Интервју со Стеќко Летар во Сараево, 2018 година, 32

радикални ќелии во кои се спремаа борците,  а акциите беа именувани како Ќелија 1, Ќелија 2 и Ќелија 3. Во тие три акции се уапсени повеќе десетици повратници од боиштата, но и нови потенцијални борци кои требало да заминат таму. Во етерот кружеа и информации дека тие борци имале и цели на македонско тло, односно, сакале да нанесат штета на државата и граѓаните со извршување на терористички напади. Таква група беше и Кумановската група, која при полициската акција уби осум припадници на полицијата. Групата имала за цел да изврши терористички дејствија како одмазда за антитерористичката акција на македонската полиција наречена „Планинска бура“ од 2007 година, а потоа да окупира и заземе територија на Република Македонија со цел создавање на Голема Албанија. По дводневна борба, групата е успешно сузбиена. Во Македонија најчести радикални групи се појавуваат околу големоалбанската желба за Голема Албанија. Дел од терористичката УЧК по конфликтот во 2001 година, стана политичка партија ДУИ (Демократска унија за интеграција), кои отворено работат за остварување на големоалбанскиот сон преку политички влијанија. Доволно добар доказ за ова тврдење се нивните изјави и закани со немири и војни во истиот момент кога нивната политичка моќ ќе биде загрозена или народот не се сложува со одредени нивни желби и идеи.

Во Албанија, пак, најактивни се групите кои тргуваат со дрога и органи. Тие се тесно поврзани со политичките структури во државата, па затоа немаат поголеми потешкотии во нивното делување. Криминалните групи блиски на терористичката УЧК беа организатори и ги имаа главните улоги во познатата „жолта куќа“, која во 90-тите години беше импровизирана болница за одстранување на органи од луѓе, кој понатаму беа продавани на црниот пазар. На северниот и источниот дел на Албанија, долж границите со Македонија, Косово и Црна Гора, постојат криминално-радикални групи кои својот радикализам пробуваат да го префрлат од другата страна на границата. Не е тајна дека тука постојат и кампови за обука на борци на УЧК, која се води како терористичка организација, но Албанците и Косоварите се гордеат со неа и никогаш не би работеле на разбивање на истата. Оваа терористичка организација е најголем потрошувач на канабис, кокаин, оружје и

муниција, кои ги добиваат од криминалните групи задолжени за црниот пазар во регионот.

Најново формирана држава на Балканот е Косово која добива разновидна финансиска и воена помош за да го зачува мирот и безбедноста во рамките на своите територијални граници. Но, најголем проблем во оваа ситуација е што политичките чинители на Косово во најголем дел се поранешни борци на терористичката УЧК, која беше прогласена за терористичка организација. Дури во Меѓународниот суд во Хаг се водат постапки против поранешниот премиер Хашим Тачи, кој беше командант на таа организација. Во тие процеси инволвирани како обвинети или сведоци се и други политички чинители, некои од нив и од Македонија. Во Косово најактивен е националниот и верскиот радикализам. Националниот радикализам е посебно изразен на северот на Косово, односно онаму каде живее српско население. Целта на овие групи е да го демотивираат и избркаат секој Србин останат на Косово, а тие да добијат чиста територија. Верскиот радикализам, пак, исто како во Македонија, се користи за регрутирање на борци кои треба да завршат на боиштата во Сирија, Авганистан и Ирак. Дел од овие борци биле и активни учесници во војните на Косово и во Македонија под амблемот на УЧК. Во јавноста не се познати конкретни бројки за тоа колку борци се вратени од боиштата на овие простори.

Радикализмот во Косово пак е постојан предизвик како за косовските, така и за останатите безбедносни служби од околината. Трговијата со оружје, дрога, органи, но и националниот и верскиот радикализам во државата се најголема закана за регионот. Тензиите кои постојат особено со Србија се одблиску набљудувани како од регионалните, така и од светските безбедносни структури. Постои постојан ризик за создавање на нова криза и деструкција во регионот кој лесно може да се прелие од една во друга држава.

Република Србија, пак, Косовското прашање го смета за внатрешен проблем. Тие не ја признаваат независноста на Косово и сè уште го сметаат за своја територија. Поради ова Србија и Косово имаат административни гранични премини каде неретко се случуваат инциденти поради национални причини. Во

Србија постои верски и национален радикализам. Таму никогаш не постоеле терористички групи, иако имаат силно подземје кое се занимава со трговија на дрога и оружје. Верскиот радикализам е најсилно претставен преку Српската православна црква (СПЦ), која се смета себе си за надмоќна над другите, а тоа може да е поради блискоста со Руската православна црква која е најбогата и најмоќна православна црква на светско ниво. Македонската православна црква (МПЦ) беше жртва на овој верски радикализам и не беше признаена од СПЦ токму поради нивната желба и порив за покажување на моќ кон останатите. Националниот радикализам, пак, потекнува од желбата за зачувување на територијата и населението во Србија. Губењето на Косово и Метохија како територија, но и раселувањето на Србите кои живееја таму, има големо влијание врз српското население. Политичарите на Србија многу често ги користат овие страсти за придобивање на гласачко тело, иако можноста за нивно дејствување по ова прашање е прилично ограничено. По локалните избори во Косово во 2022 година, кога српското население таму ги бојкотираше изборите, а општините каде живее претежно српско население, добија градоначалници кои се Албанци по националност, состојбата на неколку пати ескалираше и дојде до физички пресметки помеѓу косовската полиција и тамошното население. Србија во тој период испрати воени единици кон административната граница со Косово кои беа во целосна воена готовност и чекаа наредба за отпочнување на акција.

Србија со овој косовски радикализам се бори уште од 90-тите години, а како сега стои ситуацијата, таа борба ќе продолжи и во наредните години. Таму постои и опасност од радикализација на криминалните групи, особено од навивачките групи „Делије“ и „Гробари“ кои национализмот го користат и во своите навивачки кореографии. Нивниот национализам може многу лесно да се радикализира и да ескалира до степен на меѓуетнички пресметки, особено со албанското население на југот на Србија и на северот на Косово.

Црна Гора станува држава- република во 2006 година со отцепување од Србија и прогласување на независност. Иако е најмала по население, криминалното подземје е доста активно на нивна територија. Црногорските пристаништа се главни центри за внесување на кокаин од Латинска Америка, а во исто време и

центри за „извоз" т.е. шверц на алкохол, цигари и канабис наменет за пазарот во Латинска Америка, Африка и Блискиот Исток. Мафијашките кланови кои најголемите приходи ги остваруваат на овој начин, се активни и во останатите бизниси во државата, а тоа го користат како начин за легализирање, односно перење на црните пари. Црна Гора има проблем со верскиот радикализам кој во суштина и не е така опасен. Најголемото несогласување се случува во тамошната православна црква, која понекогаш под влијание на СПЦ и српското население кое живее таму, сака да наметне свои идеи, видувања и верувања помеѓу населението. Засега не постои причина за страв дека таквата радикализација може да ескалира кон поголеми немири или терористички напади.

Црна Гора е загрозена и од албанскиот радикализам, односно од веќе споменатиот големоалбански сон за создавање на Голема Албанија. Голем дел од нејзината територија е дел од замислата на овие радикални групи.

Федерацијата Босна и Херцеговина во моментов се наоѓа во можеби најкритична ситуација од сите останати останати држави во регионот. По завршување на војната во 1995 година, БиХ е поделена на кантони, а во склоп на федерацијата настанува и Република Српска која ужива посебен статус во државата, иако не е признаена како држава од Обединетите нации. Во БиХ се мешаат многу радикални групи кои поради своите интереси пробаат да се здобијат со поголема моќ во општеството. Овие групи се активни со децении, додека националниот и верскиот радикализам таму е застапен од сите страни. Во јавноста кружат и информации дека многу тамошни муслимани се активни учесници во војните во Сирија, Ирак и Авганистан, а биле учесници и во војната на Косово 1998-1999 година и во конфликтот во Македонија во 2001 година. Постојат претпоставки дека Исламската верска заедница таму игра главна улога во регрутирање на овие војници и работи на нивна регрутација и радикализација. Доаѓа до конфликтни ситуации помеѓу српското и муслиманското население, особено во градовите каде живее измешано население. Особено муслиманското население се чувствува загрозено таму поради желбата на Република Српска да се одвои од БиХ и да стане самостојна држава или да се спои со Србија. Тоа е и за нив легитимна причина да се радикализираат и обучуваат за борба во која би се бранела територијата од

отцепување. БиХ е, исто така, и расадник на платени убијци кои извршувале убиства и атентати во и надвор од регионот. Во студијата издадена од The Global Initiative Against Transnational Organized Crime (Глобална иницијатива против транснационален организиран криминал) насловена „Жаришта на организираниот криминал на Западен Балкан - Локалните ранливости во регионален контекст“, се вели дека „Балканот има репутација како извор на платени убијци. Поради военото наследство и економската ранливост на одредени региони, постои збир на млади мажи – особено од Босна, Хрватска и Србија – со пристап до оружје и експлозиви. Младите мажи од регионот извршиле професионални атентати, како во регионот, така и во Централна Европа. На пример, платени убијци биле користени и од двете страни во војната меѓу которските кланови. Вреди да се напомене дека изгледа дека голем број од платените убијци доаѓаат од Бања Лука, како и од пограничниот регион помеѓу Босна и Херцеговина и Србија. Градовите Бурел и Фуш-Круј во Албанија, често се наведуваат како извори на платени убијци кои работат во таа земја. Градот има историја на насилство, на пример, за време на економската криза од 1997 година, а исто така како резултат на крвна одмазда и убиства од одмазда.

### 7.2. Пристапи за справување со насилниот екстремизам и тероризам во Западен Балкан

Потребно е да следат процеси, вклучително прилагодливи последователни процеси за приоритетните активности со секој од партнерите од Западен Балкан, со цел да се постигне и навремено да се мапира напредокот кон петте цели од овој план.

Се предвидува особено да се искористат следниве процеси:

- Последователни активности преку редовна размена, дијалози или посети;

- Оценски мисии од страна на експерти за борбата против тероризмот, вклучително и оние вклучени во превенирањето, кои треба да се спроведат со секој од партнерите од Западен Балкан;

- Регионална мрежа на национални координатори за спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам поддржани од ЕУ регионален експерт за борба против тероризам/безбедност;

- Во рамки на Иницијативата за борба против тероризам за Западен Балкан (WBCTi), како дел од Иницијативата за интегрирано управување со внатрешната безбедност (IISG), соодветно.

Партнерите од Западен Балкан треба да бараат конзистентност меѓу релевантните активности, вклучително и помеѓу другите иницијативи, со цел да избегнат повторување и преклопување, а со цел максимизирање на доследноста и комплементарноста. Оттаму, тие треба да ги координираат активностите наведени во овој план со активностите на меѓународната заедница, а особено преку WBCTi, како дел од IISG.

Заеднички цели за борба против тероризмот и спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам примарната одговорност за акциите наведени во следниве пет цели треба да ја имаат партнерите од Западен Балкан. ЕУ треба да настојува да ги поддржува, како што е соодветно, во нивните напори и да учествува во проценката на нивните потреби.

Цел 1: Робустна рамка за борба против тероризам и спречување/спротивставување на насилен екстремизам: институционална поставеност и законско усогласување, имплементација и капацитет за спроведување.

Секој од партнерите од Западен Балкан треба да настојува:

- да ја усогласи својата правна рамка за борбата против тероризмот со релевантните правни инструменти на ЕУ (особено со Директивата за борба против тероризам и Директивите за спречување перење пари) и меѓународните тела (Резолуциите на Советот за безбедност на ОН и Конвенцијата на Совет на Европа за превенција од тероризам со дополнителниот протокол и стандардите на ФАТФ – Специјална финансиска тактичка единица);

- ефективно да ја применува својата правна рамка за борба против тероризам, вклучително и истрага, кривичен прогон и соодветно казнување за терористичките дела, особено за делата извршени од страна на (повратниците), борците во странски војски;

- да го користи владиниот пристап за превенција; да има донесено стратегии за борба против тероризмот и спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам кои се во согласност со клучните стратегии на ЕУ и ОН, како и да

осигура механизам за нивно спроведување (акциски план), механизам за мониторинг и редовна ревизија;

- да обезбеди доволно финансиски и човечки ресурси и експертиза за својот национален координатор за спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам, како и ефективен капацитет за меѓуинституционална соработка. Партнерите од земјите од Западен Балкан треба заеднички да настојуваат:

- да обезбедат ефективна соработка, координација и споделување на најдобрите пракси и научените лекции, особено преку Регионалната мрежа на координатори за спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам, со поддршка на ЕУ регионалниот експерт за борбата против тероризмот;

- проактивно да учествуваат во мултилатералната координација, вклучително во рамки на Иницијативата за борба против тероризмот на Западен Балкан (WBCTi), како дел од Иницијативата за интегрирано управување со внатрешната безбедност (IISG).

ЕУ треба да настојува:

- Да обезбеди соодветна поддршка и експертиза (особено за имплементацијата на акциските планови) и да промовира координација преку WBCTi, како дел од IISG, како што е соодветно.

- Да спроведе оценски мисии преку експертите за борба против тероризмот вклучително и оние вклучени во превенцијата, во секоја од земјите партнери од Западен Балкан до крајот на 2019;

- Да поддржи организирање на редовни состаноци на Регионалната мрежа на национални координатори за спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам;

- Да го охрабри учеството на претставниците на агенциите за спроведување на законот од Западен Балкан во активностите на Агенцијата на ЕУ за обука за спроведување на законот (CEPOL).

## Цел 2: Ефективно спречување и спротивставување на насилниот екстремизам

Секоја од земјите партнери од Западен Балкан треба да настојува:

- Проактивно да презема мерки за спречување и сузбивање на насилниот екстремизам и да ја зголеми флексибилноста на локалните заедници на влијанието на насилниот екстремизам, преку пристапот на `целокупно општество`, вклучително и преку полициското работење во заедница, образованието, економските можности, како и напорите за промовирање на толеранција, социјална кохезија и инклузивни и помирени општества, за да ги покрие коренитите причини за верската, политичката и етно-националистичката радикализација;

-да спречува и да се спротивставува на радикализацијата на младите, вклучително преку социјални и образовни мерки

- Да обезбеди ефективна меѓуагенциска соработка за работа со засегнатите поединци, врз основа од случај до случај;

- Да осигура дека локалните практичари имаат можност да идентификуваат и да се справат со раните знаци на насилно екстремистичките тенденции;

- Онаму каде што е соодветно, да им се даде право на организациите на граѓанското општество или верски основаните организации да помогнат во спречување на ширење на насилниот екстремизам;

- Да осигура сеопфатни пристапи во однос на борците во странски војски кои се враќаат и нивните семејства, вклучително и во затворите, нивно деангажирање, рехабилитација и реинтеграција;

- Да имплементира ефективни мерки за решавање на радикализацијата во затворите, вклучително во областа на превенција, деангажирање, рехабилитација, реинтеграција, како и управување и последователна поддршка на осудените лица за тероризам ослободени од затворите и другите осуденици кои се ослободени, а кои би можеле да бидат радикализирани во затвор. Понатаму, треба да се обезбеди обука на релевантните чинители (службениците за спроведување на законот, затворскиот персонал, службениците одговорни за условно казнетите лица);

- Да се справат со терористичките содржини на интернет, вклучително преку охрабрување на напорите за упатување на терористичката содржина на интернет компаниите и преку давање право на партнерите од граѓанското општество да развијат ефективни алтернативни наративи на интернет;

- Да развијат кампањи за Стратешка комуникација за справување со насилниот екстремизам. Партнерите од Западен Балкан треба заеднички да настојуваат:

- Да промовираат размена на искуство и експертиза ширум регионот;

- Да развиваат пракса на размена на практичарите на регионално ниво, како што е соодветно вклучително преку воспоставување на мрежа на практичари на Западен Балкан за спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам, слична на Мрежата на ЕУ за подигање на свеста за радикализацијата (RAN).

**ЕУ ќе настојува**:

- Преку Мрежата за подигање на свеста за радикализација (RAN) да обезбеди експертиза, специфично советување, да организира тематски работилници и да ги покани партнерите од Западен Балкан на одредени RAN настани, врз основа на проценката на потребите на партнерите од Западен Балкан;

- Преку Европската мрежа за стратешка комуникација (ESCN) да ги поддржи партнерите од Западен Балкан во нивните капацитети за развој на стратешки комуникации за борба против насилен екстремизам;

- Да поддржи, како што е соодветно, проекти за деангажирање за насилните екстремисти во затворите, како и за спречување на радикализацијата во затворите;

- Да го поддржи капацитетот на партнерите од Западен Балкан за спротивставување на терористичките содржини на интернет, со помош, обука и ескпертиза на Европол, вклучително и преку Единицата на ЕУ за интернет упатување при Европскиот центар за борба против тероризмот (ECTC);

- Преку проектот Прва линија (за практичари кои работат со прашања поврзани со радилакизацијата) да се преведе прирачникот за повратниците на RAN, со цел истиот да биде достапен на јазиците на партнерите од земјите од Западен Балкан;

- Во зависност од напредокот и потребата на практичарите, да поддржи,

доколку е соодветно, воспоставување на нова мрежа на практичари од Западен Балкан за спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам;

- Онаму каде што е соодветно, да им овозможи на организациите на граѓанското општество или верски основаните организации да помогнат во спречувањето на ширењето на насилниот екстремизам.

**Цел 3: Ефективна размена на информации и оперативна соработка**

Секоја од земјите партнери од Западен Балкан треба да настојува:

- Да го подобри својот капацитет за ефективно интерно споделување на оперативни информации (вклучително и криминалистички докази), на навремен и безбеден начин, меѓу своите релевантни институции;

- Да се осигура дека постојат стандарди за заштита на податоците, неопходни за склучување на Договор за соработка со Евроџаст;

- Ефективно да се поврзе со Европол, вклучително преку офицерите за врска на Европол и офицерите за врска за борбата против тероризмот на Западен Балкан во Хаг;

- Во најскоро можно време да ја имплементира СИЕНА/СИЕНА борбата против тероризмот на Европол и нејзината надградба до СИЕНА - борба против тероризмот -Доверливо кај своите надлежни органи за борба против тероризмот

- Да ја зголеми спонтаната размена на информации поврзани со борба против тероризмот на билатерално и мултилатерално ниво во рамки на регионот на Западен Балкан, со ЕСТС на Европол, со земјите членки на ЕУ и со оперативните партнери на Европол преку користење на безбедносните канали како што се СИЕНА/БТ СИЕНА, онаму каде што е можно и достапно;

- Да вложи напори повеќе да придонесе за значително квалитативни податоци кои ги опишуваат нивните состојби поврзани со тероризам кон годишниот Извештај на ЕУ за состојбите и трендовите поврзани со тероризмот;

- Поефикасно и поефективно да ги користи производите и услугите на Европол, кои особено се однесуваат на истраги за борба против тероризмот (и поврзаноста со организираниот криминал);

- Да разменува информации со релевантните бази на податоци за борба

против тероризмот на Интерпол (особено за борци во странски војски и за украдени и изгубени патни документи и релевантните Интерпол известувања и извештаи) каде е применливо, за да се спречи патувањето на познатите/наведените борци во странски војски на нивниот пат до и од конфликтните зони;

- Да осигураат ефективно вклучување во судската соработка и размената на информации за мултилатерални случаи на борба против тероризам координирани од Евроџаст, како и за активностите на Евроџаст поврзани со борба против тероризмот (вклучително и искуства и научени лекции за истраги и обвиненија поврзани со борба против тероризмот);

- Во целост да ги користи своите контакт-точки со Евроџаст, и онаму каде што ги има, да ги користи своите обвинители за врска со Евроџаст за јакнење на соработката за прекуграничните случаи за борба против тероризам;

- Да размисли за назначување на специфични контакт-точки за тероризам со Евроџаст. Партнерите од земјите на Западен Балкан треба заеднички да настојуваат:

- Да ја зајакнат стратешката и оперативна соработка, како и размената на информации меѓу себе, на навремен и безбеден начин, и во целост да ги користат експертизата и алатките на Интерпол, Европол и Евроџаст (особено за релевантните бази на податоци за борба против тероризам, каде што е можно). Од другата страна на ЕУ, Европол, согласно неговата правна рамка и мандат, треба да настојува:

- Да го обезбеди своето знаење и експертиза и да организира целни настани за зголемување на свеста за партнерите од Западен Балкан во однос на производите, услугите и капацитетите на Европол /неговиот ECTC;

- Врз основа на размената на податоци за борба против тероризмот и по барање, да обезбеди оперативна поддршка, вклучително и аналитичка поддршка за партнерите од Западен Балкан за истрагите поврзани со борба против тероризмот (и поврзаноста со организираниот криминал);

- Да ги олесни и инкорпорира придонесите за состојбата со тероризмот кај земјите партнери од Западен Балкан кои тие, на годишна основа, ги обезбедуваат за Извештајот на ЕУ за состојби и трендови поврзани со тероризмот (EU TE SAT);

- Преку своите офицери за врска кои се лоцирани во Западен Балкан да

помогне, како што е соодветно, во идентификувањето и решавањето на пречките за соработка и да ја олесни соработката со Европол. Евроџаст, согласно неговата правна рамка и мандат, треба да настојува:

- По барање, да ја олесни судската соработка и координацијата меѓу надлежните органи и да го обезбеди своето знаење и експертиза за партнерите од Западен Балкан;

- да ја зајакне својата мрежа на контакт-точки, вклучително и кај партнерите од Западен Балкан, како и соработката со релевантните обвинители за врска во Евроџаст, и размена на информации за оперативни и стратешки прашања за борба против тероризмот, по потреба;

- Да го олесни вклучувањето на органите од партнерите од Западен Балкан во координативните состаноци за истраги и прогон поврзани со борба против тероризмот, асистирани од Евроџаст, вклучително (онаму каде што е можно) воспоставување на координативни центри во Евроџаст за заеднички акции за специфични случаи, заради јакнење на судската соработка, размената на информации и зголемена координација;

- Да продолжи со давањето совети и поддршка за воспоставување на заеднички истражни тимови со учество, доколку е соодветно, на органите на партнерите од Западен Балкан преку помагање за составување на релевантни договори за заеднички истражн тимови и давање совет, доколку е неопходно, за прашања поврзани со функционирањето на заедничките истражни тимови.

## Цел 4: Градење капацитети за борба против перење пари и финансирање на тероризам

Секоја од земјите партнери од Западен Балкан треба да настојува навремено усогласување со релевантното европско право и со стандардите на Групата за финансиски акции (FATF):

- Да усвои и да имплементира ефективна правна рамка за спречување перење пари и борба против финансирање на тероризам, особено покривајќи ги барањата за должната активност на клиентите, известувањето за сомнителните трансакции и транспарентноста на корисничката сопственост;

- Да усвои и да имплементира ефективна правна рамка за инкриминирање на финансирањето на тероризам и мерките за замрзнување на имот, како што се бара во резолуциите на Советот за безбедност на ОН;

- Националната Единица за финансиско разузнавање да поседува соодветни алатки и да има пристап до информациите, како и да поседува соодветно разбирање за ризиците од финансирањето на тероризам и перењето пари, да обезбедува показатели на ризик од финансирање на тероризам и да дава повратни информации на надлежните ентитети;

- Да ги зголеми финансиските истраги во напорите за спротивставување на тероризмот.

Партнерите од земјите од Западен Балкан треба заеднички да настојуваат:

- Да учествуваат и да дадат поддршка на регионалните и меѓународните напори за спротивставување на финансирањето на тероризмот.

ЕУ треба да настојува:

- Да обезбеди, како што е соодветно, надградба на капацитетите за акциите на партнерите од земјите на Западен Балкан , вклучително преку активностите на Цепол;

- Да обезбеди, како што е соодветно, поддршка за обука за финансиските експерти за водење финансиски истраги;

- Да ги охрабри партнерите од земјите на Западен Балкан да учествуваат во Оперативниот акциски план 2019 (ОАР) кој се однесува на ЕУ приоритетите „Криминални финансии и перење пари и олеснување на повратот на имот“;

- Да размисли за вклучување на оперативна акција во ОАР 2019, посветена на унапредување на соработката меѓу органите за спречување на перење пари на земјите членки на ЕУ и нивните колеги од партнерите од земјите на Западен Балкан;

- Да ја подобри анализата и размената на информации за врската меѓу организираниот криминал (особено недозволената трговија со дрога, криумчарењето мигранти и перењето пари) и финансирањето на тероризмот.

**Цел 5: Зголемување на заштитата на граѓаните и инфраструктурата**

Секој од партнерите од земјите на Западен Балкан треба да настојува:

- Да ја зголеми заштитата на јавните места согласно Акцискиот план на ЕУ за поддршка на заштитата на јавните места, како и нејзината критична инфраструктура;

- Да ја зголеми заштитата на својот сајбер простор во согласност со Стратегијата за сајбер безбедност на ЕУ и Нетворк информејшн систем (NIS) Директивата;

- Да се вклучи во развивањето на подготвеност и капацитет за справување со хемиските, биолошките, радиолошките и нуклеарните (ХБРН) ризици, во согласност со Акцискиот план на ЕУ за зголемување на готовноста за ХБРН;

- Да преземе мерки за ефективно да се спротивстави на злоупотребата на експлозивните прекурсори со цел да спречи пристап до овие сусптанции, а со тоа и нивна употреба од страна на терористите за изработка на рачно направени експлозиви;

- Да го реши проблемот поврзан со прашањето за недозволена трговија со огнено оружје преку ефективно спроведување на Акцискиот план 2015-2019 за недозволена трговија со огнено оружје меѓу ЕУ и регионот на Југоисточна Европа преку вклучување во Европската мултидисциплинарна платформа против криминалните закани (EMPACT) и Клириншката куќа за контрола на мало и лесно оружје во Југоисточна и Источна Европа (SEESAC). Посебно, секој од партнерите од земјите на Западен Балкан треба да воспостави контакт-точка за огнено оружје, да ги зајакне граничните контроли, кривичните истраги и да ја унапреди размената на информации, вклучително преку осигурување дека антитерористичките агенции учествуваат во истрагите поврзани со огнено оружје и во споделувањето на разузнавачките сознанија.

Партнерите од земјите на Западен Балкан треба да настојуваат:

- Да се вклучат во споделувањето на најдобрите пракси помеѓу оние кои креираат политика, спроведуваат закон и приватните оператори за зголемување на зашитата на јавните места на сите нивоа, вклучително и на локално ниво. ЕУ треба да настојува:

- Како дел од надворешната димензија на Европската програма за заштита на критичната инфраструктура (EPCIP) да продолжи да ги поканува партнерите од земјите на Западен Балкан да идентификуваат конкретни проекти и теми за

соработка, како што се специјализирани обуки и промовирање на споделувањето на добри пракси на работилници посветени на заштитата на критичната инфраструктура, вклучително и аспектите на хибридните закани и сајбер безбедноста;

- Да сподели насоки и најдобри пракси за заштита на јавните места.

### 7.3. Превенција на насилен екстремизам и рана детекција на радикализација

Ова е долгорочен процес кој вклучува различни актери на различно ниво, почнувајќи од заедницата до меѓународните партнери и креатори на политики. Бидејќи оваа активност бара пристап од повеќе засегнати страни, важно е да се разберат различните стратегии и пристапи кои се развиени за одредени области, регионални, национални итн.

Владата на Северна Македонија формираше комитет кој ќе се занимава со ова прашање заедно со стратегија која подоцна ќе биде наречена „Национална стратегија за спречување на насилен екстремизам" и акциски план кој предвидува како различните актери и засегнати страни ќе бидат вклучени во развојот на таквите активности. Националната стратегија на Северна Македонија за спречување на насилен екстремизам дава единствен фокус на превентивните активности и дефинира четири стратешки приоритети:

1. **Да се превенираат** тековите на странски терористички борци и милитанти и коренитите причини за радикализација и екстремизам;

   Цели:

- ✓ Зајакнати институционални капацитети
- ✓ Подигнување на јавната свест
- ✓ Силна и отпорна заедница
- ✓ Спречување на радикализација преку интернет.

2. **Да се заштитат** граѓаните, нивниот имот, клучната и критичната инфраструктура од јасни и присутни, како и потенцијални и растечки закани;

   Цели:

- ✓ Проактивни институции во контекст на заштита на основните вредности,

човековите права и слободи,

- ✓ Зголемување на довербата кај релевантните институции и граѓаните за заштита од радикализација и насилен екстремизам.

3. **Да се гонат/извршуваат** заканите од насилен екстремизам и тероризам во нивниот корен, во безбедните засолништа и местата каде претставуваат јасна опасност за граѓаните и инфраструктурата; тие закани правосудно да се гонат активно, но фер и транспарентно, како и конзистентно со владеењето на правото;

   Цел:

- ✓ Воспоставување сет на мерки за рано откривање на радикализација.

4. **Да се одговори** активно, агресивно, но секогаш на начини што се транспарентни и конзистентни со владеењето на правото, во духот на солидарноста и на начини што ги минимизираат последиците од терористички напад, преку подобрување на способностите на институциите да се справуваат со состојбата по напад, координација на одговорот и на потребите на жртвите.[73]

   Цели:

- ✓ Дерадикализација,
- ✓ Реинтеграција преку ресоцијализација и рехабилитација,
- ✓ Координација и соработка.

Спречувањето на тероризмот преку справување со радикализацијата и насилниот екстремизам стана глобална карактеристика на националните стратегии, што резултира со развој на многу политики и практики насочени кон спротивставување и спречување на насилниот екстремизам.

Овие пристапи на мека моќ имаат за цел да интервенираат пред да се случи насилство и дадоа повод за нов речник: „спречување на насилен екстремизам“, „спротивставување на насилниот екстремизам“ и „спречување на радикализација до насилен екстремизам“.

[73] National strategy of the Republic of Macedonia for countering violent extremism (2018-2022).

Како што е наведено во овој труд, иако процесите на радикализација, идеологијата на насилниот екстремизам и чинот на тероризам имаат меѓусебно зависни односи, тие се всушност три различни поими кои мора јасно да се разберат.

Иако актите на терор не се исклучиво производ на процесот на радикализација, разбирањето на корелацијата е суштествена за успешно спротивставување на насилниот екстремизам.

## 8. Заклучок

Заштитниот знак под кој Западен Балкан е претпознатлив насекаде во светот, за жал, сè уште останува криминалот и радикализмот. Оваа плодна почва за вакви дејанија ќе биде основа за многу радикалисти, кои за жал од ден на ден се сè поспремни својот радикализам да го преточат во тероризам. Од голема помош на овие групи се и политичките парии, кои за глас повеќе, власт, моќ и пари се спремни да направат компромис со секого. Оваа политичка помош трае со децении и нема индиции дека во скоро време може да заврши. Радикалните групи пак, имаат одлична соработка и со криминалното подземје во државите од Западен Балкан, затоа што за нив тоа е најлесниот начин да стигнат до дрога и оружје, неопходна за извршување на нивните задачи и цели.

Разузнавачките служби на државите, иако се во константна соработка и комуникација, често знаат да пропуштат важни детали со кои би можеле да спречат одредени радикалистички и терористички појави и дејствија. Такви во Македонија се информациите од 2000-2001 година кои ги добила и во истиот момент занемарила македонската тајна служба, но и информациите кои се занемарени при обработка на кумановската група која ја нападна караулата во Гошинце и уби 8 македонски полицајци во Диво Насеље, Куманово, на 9 и 10 мај 2015 година.

По почетокот на војната во Украина во 2022 година и целта на Руската Федерација да ги прекрои границите на Украина, односно да анектира дел од нејзината територија, на Балканскиот Полустров се отворија апетити за прекројување на границите. Србија, која е гласен поддржувач на руската политика, веќе подолг период има желба да изведе отцепување на Република Српска од Федерацијата Босна и Херцеговина, но во исто време не сака да го признае отцепувањето на Косово и Метохија. Албанците, пак, сакаат соединување на Косово и Албанија, но и отцепување на територии од Македонија, Црна Гора, Србија и Грција за создавање на посакуваната Голема Албанија. Властите во Босна и Херцеговина се борат за задржување на територијата на федерацијата и одржување на мирот, затоа што во 90-тите години на минатиот век претрпеа огромни загуби во воената состојба.

Во овие битки главна улога играат и најголемите светски сили, САД и Русија. Македонија, Албанија, Грција и Црна Гора се членки на НАТО алијансата, додека пак Србија има близок однос и добра соработка со Русија на воен и економски план. Косово ужива одреден статус под закрилата на САД, додека Босна е поделена во овој однос. Дел од тамошното население се поистоветува со источните, а дел со западните воено-политички сили, а причина за тоа е големиот број на српско население кое живее таму.

Во овој дел на Балканот секое политичко и воено случување е потенцијална искра за нова „експлозија" на омраза и воени дејствија. Од распадот на Југославија па до денес, многу често се случуваат судири помеѓу поединци и групи од различни национални, верски и класни припадности. Радикализмот во сите овие групи непрекинато постои и се обновува со нови генерации кои не ја сфаќаат опасноста од нивен радикален развој, кој лесно може да прерасне во судир од поголеми и неконтролирани размери. Ваквата радикализација на Западен Балкан може и да е причина за почеток на терористички дејствија во кои лесна мета може да биде и цивилното население. Во минатото сме биле сведоци на цивилни жртви од војните и судирите помеѓу овие групи и држави, кои решиле со оружје и насилство да ја докажуваат својата моќ и важност во општеството.

На самиот крај на оваа теза, морам да го кажам, односно напишам и своето видување на овие турбулентни состојби на Балканот.

Како што кажав и претходно Западен Балкан е „буре барут" и само една искра е доволна за тој да пламне во нова војна. За жал, се плашам дека во наредниот период на Балканот му претстојат уште најмалку три братоубиствени војни. Тука сè уште има многу нерасчистени сметки, „стари долгови" и различни желби за влијание на Балканот. Тука најмоќни се влијанијата на западот (САД) и истокот (Русија), кои со нивните сојузници и алијанси се обидуваат да создадат контрола врз државите кои им се наклонети, особено во воено-политичка и економска смисла. Странските инвестиции, воената помош, политичката поддршка итн., се користат како средство за трговија, односно убедување на владите и политичките чинители во регионот да бидат наклонети кон една или друга страна. Големите

сили пак, особено тука се мисли на САД и Европската Унија како нивен најголем економски и политички партнер, имаат и применуваат (веќе видено) свои механизми за уценување, убедување и менување на политичките раководства по нивен терк, односно по нивна мерка, за да можат полесно да го спроведат своето влијание во регинот. Но, ова не значи дека истото не го прави и Русија, особено во Република Србија и Република Српска, каде активно поддржува политички чинители и влади кои се наклонети кон нивниот начин на владеење.

Оние три војни на Западен Балкан кои горе ги споменав, а за жал сѐ поубеден сум дека ќе се случат, ќе нанесат штета и нови поделби, а можеби дури и прекројувања на границите во регионот. Иако сите војни на Балканскиот Полустров се завршени со мировни договори, кои во суштина не се ништо повеќе од купен мир и тишина, што е подеднакво опасно како и војна. Жаришта сѐ уште постојат. Процесот на развој на овие настани ќе го дефинирам во пет фази кои според мене се најверојатни да се случат:

- **Прва фаза – Финална пресметка помеѓу завојуваните страни** – ќе биде фаза во која ќе се активираат старите жаришта. Гневот, омразата, национализмот и нетрпеливоста помеѓу народите ќе бидат иницијалната каписла за активирање на овие жаришта. Финална пресметка мора да има помеѓу Србија и Босна и Херцеговина поради Република Српска; Србија и Косово поради отцепувањето на Косово; и Македонија и Косово поради насилничкото однесување на Косоварите кои се доселија во Македонија во 1999 година и активното учество на членови на терористичката УЧК во сите македонски влади од 2001 година, па до денес.

  **А)** БиХ никогаш нема да се сложи на отцепување на нивна териоторија со цел создавање на нова српска држава на Балканот, иако властите во Белград и државното раководство на Република Српска деноноќно работат на остварување на таа цел. Особено Србија може да ја искористи приликата на отцепување на Косово како легитимно право на избор на жителите на Република Српска, па тоа да се користи како изговор пред меѓународниот фактор (Кога може Косово со меѓународна помош да прогласи независност, зошто да не може тоа да го направи и Република Српска?). Многу важен

момент тука е близината на Србија и Република Српска со Руската Федерација, која на Балканот ја имаат само тие. Сите околни држави се веќе членки на НАТО алијансата или претендираат да станат во најкус можен рок. Поделбата на БиХ на кантони, па дури и создавање на „држава во држава“, доаѓа со мировниот договор за завршување на воените дејствија таму, БиХ е поделена на кантони и доби систем на тројно претседателство на федерацијата - по еден Бошњак, Хрват и Србин.

**Б)** Република Србија засега не планира да го признае Косово како независна држава, иако сите земји од регионот, освен БиХ, ја имаат признаено неговата независност. Тензична е ситуацијата на политичко ниво помеѓу властите во Белград и Приштина. Секогаш кога помеѓу нив се водат билатерлани разговори, постои посредништво од Европската Унија како гарант за договоренот, но и како медијатор за тие преговори и договри да се создадат во мирна атмосфера. Во последниот период има зачестени тензии на северот на Косово, каде спрското население се радикализира, а етничките Албанци т.е. Косовари, возраќаат на провокациите со оруже и физички пресметки. Во последните неколку години се случија пресметки помеѓу косовската полиција и српското население, пукање на малолетни жители Срби по националност, но и најново, нападот на српска екстремистичка група врз косовски полициски службеници во Бањска, каде еден полицаец и неколку напаѓачи ги загубија животите. Меѓународната заедница стравува дека овие конфликти помеѓу Србија и Косово, односно Србите и Косоварите, може да прерасне во нов вооружен конфликт, налик на оној од 1998-1999 година или можеби и полош, затоа што во моментов Косово има голема воена помош од САД, додека Србија од Русија. И двете држави воено се модернизираа со помош на своите партнери во последните десетина години, а доведувањето на воени дејствија помеѓу Србија и Косово може да биде официјалниот почеток на Третата светска војна.

**В)** Македонија и Косово никогаш не биле во „официјална“ или „јавна“ војна. Но, во 2001 година Македонија беше нападна од УЧК или во превод ОВК- Ослободителна војска на Косово или ОНА- Ослободителна народна армија. Овие терористички организации нелегално ја преминуваа границата помеѓу

Македонија и Косово (тогаш официјално Србија), од каде извршуваа терористички напади во градови и села во Македонија. УЧК имаше и свои ограноци во Македонија кои верни на каузата извршуваа домашни терористички дејствија. Во периодот на конфликтот Македонија губи речиси 100 припадници на полицијата и армијата, а Македонија конфликтот го завршува со политичка капитулација наречена Рамковен договор. Овој трет и последен купен мир на Балканот, направи дополнителни проблем во функционирањето на државата, особено со надворешните притисоци за асимилација на албанското население во Македонија, кое повеќе од 20 години го злоупотребува овој договор за лични цели на грбот на државата и на Македонците. Но, на сето ова се надоврзува и терористичкиот напад на караулата во Гошинце во 2015 година, на кој му следеше и нападот на полициските единици во кумановско Диво Насеље, каде животот го загубија 8 припадници на македонската полиција. Терористите кои загинаа во Косово беа пречекани со воени почести и беа прогласени за херои, а на нивните семејства косовската влада им исплати парични средства како надомест за нивната жртва, а во Косово се подигнуваат и нивни споменици за одбележување на нивното херојство.

- **Втора фаза – Меѓународна поддршка од Истокот и Западот-** Меѓународната поддршка на државите од Западен Балкан е константа повеќе од 30 години. Уште од распадот на Југославија големите и силни држави појавиле инстерес за ширење на своето политичко и економско влијание на овој дел од Европа. Истокот (Русија и Кина) и Западот (САД и ЕУ) на најразличен начин пробуваат да го наметнат своето влијание врз општеството, но и врз државите генерално. Разни невладини организации, здруженија, компании итн. работат во интерес и под закрила на овие два блока, а финансиите за нивно фукционирање доаѓаат токму од нивните државни буџети. Важно е да ја сфатиме поделбата на воено-политичката моќ на Истокот и Западот на Западен Балкан, односно како тие ја распоредуваат и искористуваат оваа моќ. Македонија, Албанија и Црна Гора се земји членки на НАТО алијансата. Со тоа им е гарантирана одредена безбедност од

Западот, особено од надворешни влијанија и напади на територијалниот интегритет на државите. Косово кое не е признаено од Србија и Босна и БиХ, според Спогодбата 1244 на ОН, не смее да формира своја армија, па затоа можеме да речеме дека е воено-политички протекторат на САД, односно НАТО, кои се грижат за внатрешната безбедност на државата. Таму се наоѓа и најголемата воена база на НАТО- Бондстил, која е главен воен центар на Алијансата на Западен Балкан. Србија е во отворена соработка со Истокот, особено во воена и економска смисла. Српската држава набавува воена опрема исклучиво од Русија која е нивен најверен сојузник, особено после бомбардирањето на Србија во 1999 година од страна на НАТО. Босна и Херцеговина, пак, како и во сѐ друго, така и во оваа поделба е поделена. Централната влада на БиХ работи на остварување на нивните стратешки цели, членство на државата во Европската Унија и НАТО, но наидуваат на силен отпор од Република Српска која е наклонета кон Србија и источното влијание на Балканот. Реториката на блискост со Истокот и Западат доста често се користи и за собирање на политички поени од страна на политичките чинители на Балканот, но и како алиби за одредени политички дејствија кои може да не се „по мерка“ на едната или другата страна. Дури и во момент на кофликтни ситуации (на пр. тензии помеѓу Србија и Косово), политички моќници од САД, ЕУ и Русија заземаат страни и се наметнуваат како медијатори за носење на мир или пак изразуваат спремност за воена поддршка за своите сојузници во случај на ескалација на тие конфликти.

- **Трета фаза - Пресметка на големите сили на грбот на Балканот-** Кога на Балканот би ескалирала ситуацијата до степен на војна, можеме да бидеме сигурни дека и Западот и Истокот ќе го искористат моментот за профит со продажба на оружје, муниција, ракети, авиони, хеликоптери, тенкови..., па дури и вода и храна. На светот му е повеќе од јасно дека некои држави „живеат“ за и од воените конфликти затоа што тоа им е единствениот начин на приход-продажба на воена опрема. Но, ваквите воени конфликти на големите сили кои се водат на трети територии, се одлична можност за нив да тестираат нови типови на оружја, муниција, тактики, дронови,

односно, фронтот да им служи како тестирачко поле каде ќе го тестираат и развиваат своето оружје во пракса. Кога веќе сме кај поделеноста на Балканот, но и кога веќе ги знаеме опасностите од радикализација на групите и нивното дејствување, треба да сме свесни дека ваквта голема воена помош која би ја добиле двата блока од Истокот и Западот, може да значи нова голема балканска војна или можеби и нова Трета светска војна. Истокот и Западот со новите поделби во светскиот поредок (од една страна НАТО и ЕУ и од друга страна БРИКС) се финансиски и воено речиси еднакви. Во моментов во војната во Украина учествуваат двата блока, од кои Русија е директно вклучена во војната, но Украина добива голема помош од НАТО алијансата, а резултатите на сето ова се запрепастувачки и страшни, затоа што бројот на раселено и убиено население на двете страни е огромен. Кога би дошло до таква војна на Балканот, тоа би значело апокалипса за целото население тука, а таа војна лесно би се излеала и надвор од границите на Балканскиот Полуостров.

- **Четврта фаза – Употреба на оружје** Најголемата последица по завршувањето на војните е пролиферацијата на оружје кое никој не ја контролира во воени услови. Ова оружје понатаму може лесно да се најде на црниот пазар и да се користи за криминални или терористички цели, во зависност од корисникот на истото. На Западен Балкан ова е честа појава затоа што не е позната количината на оружје кое е останата во домовите на борците по завршувањето на воените конфликти кои се одвиваа на овие простори изминативе 30 години. Многу парчиња од ова оружје е и во автоматска верзија (автоматско оружје) кое е забрането да го поседуваат цивили, па дури и со дозвола. Освен полуавтоматско и автоматско нелегално оружје, во регионот за одредена сума на пари можат да се најдат и различни бомби, ракетни фрлачи (РПГ), па дури и импровизирани експлозивни направи. Ова дополнително ја компликува безбедносната ситуација, а создава и дополнителна работа за безбедносните служби кои и онака се премногу оптоварени за капацитетите со кои располагаат.

- **Петта фаза – Нови „мировни“ преговори или поделба на држави и граници**

„Решавачка“ или „последна војна“ на Балканот немало. Сите војни водени во последниве триесетина години се завршени со мировни договори, кои се само купен мир на неопределено време. Ваквиот купен мир не е трајно решение и не ги решава општествените проблеми поради кои дошло до воени конфликти и тоа е без исклучок на трите договори кои во моментов се на сила, Дејтонски, Кумановски и Рамковен: А) Со потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор во 1995 година се става крај на воените дејствија во Босна и Херцеговина. Се изменува целиот политички систем со кој БиХ станува федерација со две федерални единици-Босна и Херцеговина и Република Српска и добива тројно претседателство кое мора да биде застапувано од етнички Бошњак, Србин и Хрват, односно од секоја конститутивна заедница. Но, дали Дејтонскиот договор трајно го реши проблемот на БиХ? Секако дека не. Таму сè уште постојат тензии, особено помеѓу српското и бошњачкото население, а тие внатрешни превирања се најчесто поради желбата на српското население за отцепување, односно прогласување на самостојност на Република Српска. Ваквите превирања се често тема на локалните медиуми, но и во државните институции поради мешање на надлежностите, но и нетрпеливоста помеѓу народите. И од српската, и од бошњачката страна постојат радикални групи кои ваквите превирања можат да ги искористат за напад на едни кон други, а поради големата етничка и верска поделеност, тие напади лесно можат да прераснат во терористички напади кон едната или другата заедница или во меѓусебна граѓанска војна. Во суштина, политичките чинители во БиХ мора активно да работат на подобрување на внатрешните односи во државата за да се минимизира можноста за било каква ескалација во државата, но прашање е дали и колку се има волја за сето тоа.

Б) Кумановскиот мировен договор го означи крајот на нападите на НАТО алијансата врз Србија, тогашна СР Југославија. Во 1999 година, без одобрение на Советот за безбедност при ООН, САД и неколку нивни

сојузници ја напаѓаат СР Југославија. Агресивното бомбардирање трае 78 денови без прекин. Бомбардирањето од страна на НАТО дојде како одговор врз СР Југославија за воените дејствија на Косово. Бомбардирани беа цивилни и воени цели, а беше нанесена и огромна материјална штета. Воедно, тоа бешеи второ бомбардирање на НАТО за помалку од пет години, по бомбардирањето на босанските Срби во 1995 година. Иако овие напади беа извршени без одобрение на Советот за безбедност, никој од одговорните лица на Алијансата не сноси ниту морална, ниту политичка одговорност за тоа, а сите нивни сојузници се правеа неми на обвинувањата за погазувањата за правилата на војување. Но, потпишувањето на Кумановскиот договор, исто така, не ги реши проблемите ниту во Србија, ниту во Косово, иако Косово успеа да изгласа независност и да стане република во 2008 година. Тензиите помеѓу двете држави сè уште постојат, а состојбата може да ескалира во секое време. Само во последните неколку месеци одредени групи наоружани со тешко оружје ја преминуваа административната граница помеѓу двете држави, имаше престрелки, жртви и уапсени во инцидентите.

В) Рамковниот договор требаше да го означи крајот на воените дејствија во Македонија во 2001 година, но тоа не беше така. Терористичките напади од страна на УЧК продолжија и во наредните денови, каде десетици македонски бранители ги загубија своите животи. Исто како и претходните два договори, така и Рамковниот договор беше потпишан со посредништво на Европската Унија и НАТО. Резултатот на овој договор, воопшто не придонесе за неутрализирање на радикалните терористички групи во Македонија.

Прашање на време е кога ќе започне новиот конфликт на Балканот. Иако речиси никој не милува да говори на оваа тема, свесни сме дека за жал ќе се случи порано или подоцна. Радикалните групи се секогаш спремни за акција по нареба на своите лидери, без разлика дали се тоа политички, верски, национални итн. Тие се веќе научени дека на секој повик за војна или одбрана мора да изреагираат соодветно, односно да тргнат во поход без да поставуваат дополнителни прашања.

Повторно главната улога ќе ја играат стратешките партнери на државите, односно САД, Европската Унија и Русија, каде од претходните искуства можеме да заклучиме дека таму нема вечни пријателства, туку има вечни интереси, а кој ќе биде тогашниот нивен интерес засега можеме само да претпоставуваме.

Како што природата на тероризмот и насилниот екстремизам продолжува да еволуира, така останува и потребата да се развиваат влијателни, одржливи и одговорни механизми што функционираат во насока на спречување и спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам.

Развивањето на механизми за упатување и други видови на некривични интервенции претставува процес на реализирање на сложени напори со кои мора внимателно да се управува. Кога е добро испланирано, структурирано и кога се обезбедени добри ресурси, таквите напори можат да помогнат заедниците да станат по безбедни и притоа да го зајакнат „сеопфатниот државен“ пристап кон спречување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам. Сепак, императив е веќе да имаме соодветни политики и капацитети што ќе утврдат дека со таквите програми нема погрешно да се криминализираат поединци, нема да се поткопува слободата на изразување, нема да се кршат законите за приватност, нема да се стигматизираат одредени заедници како и дека нема да се засилат негативните родови стереотипи.

## 9. Користена литература


1. Alastair G. Reed and Haroro J. Ingram. (2019). A practical guide to the first rule of CTCVE messaging: Do violent extremists no favours, достапно на: https://www.europol.europa.eu/cms/sites/default/files/documents/reed_ingram-a_practical_guide_to_the_first_rule_of_ctcve.pdf, 6
2. Albanian National Strategy, Countering Violent Extremism, Adopted by the Council of Ministers of the Republic of Albania (Decision no. 930) on 18 November 2015 and published in the Official Gazette of the Republic of Albania (203/2015), Tirana, Albania.
3. Allan, H at all. (2015). *Drivers of Violent Extremism: Hypotheses and Literature Review*. London: Royal United Services Institute.
4. Aroua, A. (2018). *Addressing Extremism and Violence. The Importance of Terminology*. Geneva: The Cordoba Foundation of Geneva, достапно на: https://www.cordoue.ch/images/pdf/Papers/CFG_ConflictTransformationPerspective.pdf
5. Atran, S. (2006). The Moral Logic and Growth of Suicide Terrorism, *The Washington Quarterly*, 29(2).
6. Buljubašić, M. (2022). *Violent Right-Wing Extremism in the Western Balkans: An overview of country-specific challenges for P/CVE*. Radicalisation Awareness Network. Luxembourg: Publications Office of the European Union, https://home-affairs.ec.europa.eu/system/files/2022-08/ran_vrwe_in_western_balkans_overview_072022_en.pdf
7. Burgoon, Brian (2006.) "On Welfare and Terror: Social Welfare Policies and Political-Economic Roots of Terrorism", *Journal of Conflict Resolution*, 50 (2):176-203.
8. Centre for the Prevention of Radicalization Leading to Violence (2018). *Types of Radicalization,* достапно на: https://info-radical.org/en/radicalization/types-of-radicalization
9. Comeford, M. and Dukić S. (2020). *Online Extremism: Challenges and Opportunities in the Western Balkans*. Washington D.C.: Resolve Network, достапно на: https://doi.org/10.37805/pn2020.7.wb.

10. Desta, T. A. (2016). *Preventing violent extremism: A new paradigm or evolving approach?* Bern: Swisspeace, достапно на: http://www.swisspeace.ch/apropos /preventing-violent-extremism-new-paradigm-evolving-approach/.
11. Dimitar Bechev and Ahmet Erdi Öztürk. (2022). Competing over Islam: Turkey, Saudi Arabia, and Iran in the Balkans, достапно на: https://www.mei.edu/publications/competing-over-islam-turkey-saudi-arabia-and-iran-balkans
12. EUROPOL (2020). *Targeted: propaganda material disseminated in the languages of the Western Balkan countries,* достапно на: https://www.europol.europa.eu/media-press/newsroom/news/targeted-propaganda-material-disseminated-in-languages-of-western-balkan-countries
13. Garcia M, Pasic, L. (2018). *Youth work against violent radicalization-Theory, concept and primary prevention in practice*, Council of Europe and European Commission, Council of Europe Publishing: Strasbourg Cedex.
14. Glaser, M. (2017). "Extremist, militant, radicalised?" in Glaser et al. (Eds.) *Young and Radical. Political Violence During Adolescence*, Deutsches Jugendinstitut: Munchen.
15. Hoffman, Bruce (2006.) *Inside Terrorism*, New York: Columbia University Press.
16. Holmer, G., Baumann P. (2018). *Taking Stock. Analytic Tools for Understanding and Designing C/PVE Programs*. Washington, DC: United States Institute of Peace.
17. https://resonantvoices.info/nije-to-bas-tako/
18. Ilazi, R., Ardit Orana, Teuta Avdimetaj, Bledar Feta, Ana Krstinovska, Yorgos Christidis and Ioannis Armakolas (2022). « Online and offline (de)radicalisation in the Balkans. Working paper 5. PAVE Project Publications.
19. Kosovo Security Strategy 2022-2027, достапно на: https://kryeministri.rks-gov.net/wp-content/uploads/2022/10/2-Strategjia-e-Sigurise-e-Kosoves-ENG.pdf
20. Laqueur, Walter. (1999). *The New Terrorism: Fanaticism and the Arms of Mass Destruction*. New York: Oxford University Press.
21. Mathias Bak, Kristoffer Nilaus Tarp, Christina Schori Liang (2019). *Defining the Concept of 'Violent Extremism'*, Geneva Paper 24/19, Geneva Centre for Security Policy.

22. Mejdini, F., Dzidic, D., Rudic, F., Tomovic, D., Marusic, S. J. and Ristic, M. (2017). *Balkan Imams Take Counter-Extremism Struggle Online*. Resonant Voices, достапно на: https://resonantvoices.info/balkan-imams-take-counter-extremism-struggle-online/
23. Moghaddam F.M., (2005). The Staircase to Terrorism. A Psychological Interpretation, *American Psychologist*, Vol 60(2), Feb-Mar 2005, 161-169, достапно на: http://fathalimoghaddam.com/wp-content/uploads/ 2013/10/ 1256627851.pdf.
24. National Strategy for Homeland Security, 2003
25. National strategy of the Republic of Macedonia for countering violent extremism (2018-2022).
26. OSCE. (2019). *Understanding Referral Mechanisms in Preventing and Countering Violent Extremism and Radicalization That Lead to Terrorism Navigating Challenges and Protecting Human Rights. A Guidebook for South-Eastern Europe*, Transnational Threats Department: Vienna, Austria. Достапно на: https://www.osce.org/resources/publications.
27. Predrag Petrović and Isidora Stakić. (2018). Western Balkans Extremism Research Forum: Serbia Report, 15, достапно на: https://www.britishcouncil.rs/sites/default/files/erf_report_serbia_2018.pdf
28. Procjeni rizika od pranja novca i finansiranja terorizma u BiH za period 2018. - 2022. godina
29. Radicalisation Awareness Network (2022). *Online radicalisation and P/CVE approaches in the Western Balkans*. Conclusion Paper – Regional small-scale meeting.
30. Radicalization in the West: the Homegrown threat- NYPD
31. RAN, Far-Right Extremism: A Practical Introduction, достапно на: https://home-affairs.ec.europa.eu/system/files/2019-12/ran_fre_factbook_20191205_en.pdf, 2
32. RAN, Online radicalisation and P/CVE approaches in the Western Balkans.
33. Reed, A. G. and Ingram, H. J. (2019). *A practical guide to the first rule of CTCVE messaging: Do violent extremists no favours*. EUROPOL, достапно на: https://www.europol.europa.eu/cms/sites/default/files/documents/reed_ingram-a_practical_guide_to_the_first_rule_of_ctcve.pdf

34. Rina Hajdari. (2018). Western Balkans as Russia's New Anti-Western Playground. https://www.iir.cz/western-balkans-as-russia-s-new-anti-western-playground-2
35. Sajjan Gohel & Vlado Azinovic, „The Challenges of Foreign Terrorist Fighters: A Regional Perspective," *PfP-CTWG Policy Paper*, November 2017, достапно на: www.pfp-consortium.org
36. Samuel Greene et al., (2021). Mapping Fake News and Disinformation in the Western Balkans and Identifying Ways to Effectively Counter Them, 13-15, достапно на: https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/STUD/2020/653621/EXPO_STU(2020)653621_EN.pdf
37. Schmitt, S. (2017). Lessons Learned from Countering Violent Extremism Development Interventions, *Small Wars Journal,* достапно на:http://smallwarsjournal.com/jrnl/art/lessons-learned-from-counter-ing-violent-extremism-development-interventions.
38. Simeon Dukić. (2022). Online Extremism in North Macedonia: Politics, Ethnicities and Religion, 4, достапно на: https://www.isdglobal.org/wp-content/uploads/2022/01/Online-Extremism-Mapping-North-Macedonia.pdf
39. Strategija Bosne i Hercegovine za prevenciju i borbu protiv terorizma, 2021-2026, Vijeća ministara BiH 9. novembra 2022. godine, Sarajevo, достапно на: http://msb.gov.ba/PDF/010620231.pdf
40. The Global Initiative Against Transnational Organized Crime, Жаришта на организиран криминал на Западен Балкан, Локалните ранливости во регионален контекст (2019), Интервју со Стеќко Летар во Сараево, 2018 година.
41. Tilly, Charles (2005.) "Terror as Strategy and Relational Process", *International Journal of Comparative Sociology*, 46 (1-2):11-32
42. Vlado Azinović (2018). Western Balkans Extremism Research Forum: Regional Report Understanding Violent Extremism in the Western Balkans, 15.
43. Vlado Azinović and Edina Bećirević. (2017). A Waiting Game: Assessing and Responding to the Threat from Returning Foreign Fighters in the Western Balkans, достапно на: https://www.rcc.int/pubs/54/a-waiting-game-assessing-

andresponding-to-the-threat-from-returning-foreign-fighters-in-the-western-balkans
44. Wiktorowicz, Q. (2005). *Radical Islam Rising: Muslim Extremism in the West*. London: Rowman & Littlefield.
45. Wilkinson, Paul. (2001). *Terrorism Versus Democracy: The Liberal State Response*. London: Frank Cass.
46. Бакрески О. И Милошевиќ М., (2010). *Современи безбедносни системи*, Аутопринт Т.А., Скопје.
47. Гезим Крашниќи, 2011. „Забрането овошје": исламот и политиката на идентитет на Косово и Македонија, стр. 3
48. Елена Миленкоска-Михаиловска, (март/април 2021), Состојбата со радикализацијата на младите во Македонија, насилниот екстремизам и тероризам.
49. З. Нацев, Т. Петрески, (2013), *Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика*, Скопје.
50. Котовчевски, Митко (2004). *Борба против тероризмот*, Македонска цивилизација, Скопје
51. Милошевска Т., (2022). *Концептуална рамка за радикализам и насилен екстремизам*, Годишен зборник, Филозофски факултет, Скопје.
52. Министерство за внатрешни работи, Република Македонија, достапно на: https://mvr.gov.mk/vest/4839
53. Митко Котовчевски (2003), *Современ тероризам*, Македонска цивилизација, Скопје
54. *Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам 2021-2024*, Република Северна Македонија, 2021, Скопје, достапно на:https://ufr.gov.mk/wp-content/uploads/2020/05/pdf.
55. Национална стратегија за спречување насилен екстремизам 2023-2027, Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, Влада на Република Северна Македонија, достапно на: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/nacionalna_strategija_sne_2023-2027.pdf

56. Национална стратегија на Република Македонија за борба против тероризам (2018-2022), Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, Влада на Република Македонија, достапно на: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/bpt_nacionalna_strategija_2018.pdf
57. Организација за безбедност и соработка во Европа (2019) Виена, Р*азбирање на механизмите за упатување во процесот на спречување и спротиставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам- Совладување на предизвиците и заштита на човековите права,* Водич за Југоисточна Европа.
58. Тања Милошевска (2018), *Глобален тероризам*, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Филозофски факултет-Скопје.
59. Фондација Бергхоф. (2019). Перспективи на Заедниците за Насилниот Екстремизам- зајакнување на локалните фактори на социјална отпорност